# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 20, година LV
Четврток, 26.12.2024
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2025 година**

Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2025 година, донесена на седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен Весник на РМ"бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Сл.Весник на РСМ бр.275/19) и член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2025 година**

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален урбанистички план, Детални урбанистички планови и други урбанистички документации на територијата на Општина Битола.

Програмата за уредување на градежно земјиште особено содржи податоци за:


I. Просторот кој е предмет на уредување ........ 2
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште ........ 2
III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура ........ 3
IV. Извори за финансирање на програмата ........ 3
V. Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште ........ 4
VI. Висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба ........ 7
VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата ........ 10
VIII. Динамика на извршување на програмата ........ 11
IX. Преодни и завршни одредби ........ 11

## I. Просторот кој е предмет на уредување

Како простор кој е предмет на уредување на земјиштето што се уредува се смета изградено и неизградено земјиште на просторот на Општина Битола.

I.1 Градски реон, просторот кој е опфатен со границата на Генерален урбанистички план на град Битола.

II.2 Приградски реон - Руралните средини кои влегуваат сите простории во состав на Општина Битола (според законот за децентрализација) важат истите предвидени услови со оваа Програма за уредување на градежното земјиште. Во приградски реон влегуваат:

- сите урбани заедници и населени места (селски населби) на подрачјето на Општина Битола за кои постои урбанистичка документација (Урбанистички план за село, Општ акт за село, Урбанистички план за вон населено место, Локална урбанистичка планска документација, Детален урбанистички план или друг тип на урбанистичка документација).
- влегуваат и сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/22, 171/24 и 224/24), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/22, 171/24 и 224/24), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина Битола како и средства за планиран иден развој, а трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.
- Во приградски реон, влегуваат и сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16, 161/19 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24). Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина Битола како и средства за планиран иден развој.

Во 2023 год. уредувањето на градежното земјиште треба да се врши според оваа Програма и треба да бидат опфатени повеќе локации во градот и тоа:

- локалитети на кои треба да се отпочне со градба оваа година;
- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години;
- локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објектите кои ќе се градат во 2023 год. и наредните години.
- поблиските податоци за подрачјата на кои треба да се врши уредување на градежното земјиште се дадени во поглавјето “Обем на уредувањето и степен на опремувањето на земјиштето со комунални објекти и инсталации.”

## II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

- Изготвување на урбанистички планови и планско-проектна документација со инфраструктура;

- Оформување и обезбедување на геодетска документација подлоги и елаборати;
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот;
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат, селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата;
- Отстранување на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) со транспорт на градежниот шут до депо.
- Програмирање на уредувањето.

### III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Службен весник на РМ бр.193/16, 72/18 и Службен весник на РСМ бр.16/22).

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост.

#### III.1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улици со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- подземна електрична мрежа,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализација и
- атмосферска канализација.

#### III.2 Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од точка III.1 како и:

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа,
- топлификациона мрежа,
- паркинг простори,
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води.

#### III.3 Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација),
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),
- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардна електрична мрежа.

*Претходно изградените инсталации, доколку остануваат под објектот, нивната заштита и дислокација паѓа на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

### IV. Извори за финансирање на програмата

Извори за финансирање на уредувањето на градежното земјиште се утврдени согласно Член 5 од Одлуката за уредување на гредежното земјиште на подрачјето на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.03/94, 16/06 и 19/11)

| Ред. бр. | Шифра | Извор на приходи |
|---|---|---|
| 1. | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште |
| 2. | 713311 | Данок на промет на недвижности |
| 3. | 741115 | Дотации од ДДВ |
| 4. | 742114 | Донации од ЕУ |
| 5. | 741112 | Буџет на РСМ |
| 6. | 713111 | Данок на имот од физички лица |
| 7. | 733111 | Приходи од продажба на неизградено земјиште |
| 8. | 733120 | Средства од Буџетот на Општината-концесии |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | 723914 | Приходи од закупнина на општински имот |
| 10. | 717131 | Комунални такси за користење на јавен простор |
| 11. | 717136 | Надомест за паркирање (лиценци) |
| 12. | 725943 | Надомест за користење на патишта (рег. Возила) |
| 13. | 733144 | Приходи по основ на надоместок за легализација на објекти |
| 14. | | Други извори на финансирање |

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2025год.**

| Ред. бр. | Шифра | Извор на приходи | Буџет 2025 |
|---|---|---|---|
| 1. | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | 40.000.000,00 |
| 2. | 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 13.457.229,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **53.457.229,00** |

## V. Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште

За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето се земени комлекси со индивидуална и колективна станбена изградба со целосна изграденост.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци по зони изнесува и тоа согласно:

- Одлука за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола бр.54/1 од 25.05.1994 год. („Службен гласник на Општина Битола бр. 03/94);
- Одлука за измена и дополнување на одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола бр.07-2337/4 од 11.09.2006 год. („Службен гласник на Општина Битола бр. 16/06“);
- Одлука за измени и дополнување на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола бр. 07-279/5 од 09.02.2011 год. („Службен гласник на Општина Битола бр.2/11“).

| **ГРАДСКИ РЕОН:** | | |
|---|---|---|
| | Станбени објекти: | Деловни и јавни објекти: |
| Екстра зона | 3500 ден. | 5600 ден. |
| I-ва зона | 3000 ден. | 5000 ден. |
| II-ра зона | 2800 ден. | 4500 ден. |
| III-та зона (приградски реон) | 2400 ден. | 4000 ден. |

Сите објекти во УПВНМ за „Јужна индустриска зона Жабени“ ќе се пресметуваат согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во износ од 3500 ден.

| **ПРИГРАДСКИ РЕОН (III-та зона):** | | |
|---|---|---|
| | Станбени објекти: | Деловни и јавни објекти: |
| Рурална 3 (30%)<br>- инфр. од рурална 1, дополнително водоводна и канализациона инфр. | 720 ден. | 1200 ден. |
| Рурална 2 (25%)<br>- инфр. од рурална 1 дополнително водоводна или канализациона инфр. | 600 ден. | 1000 ден. |
| Рурална 1 (20%)<br>- инф. пристап од некатегоризиран јавен пат, нестандардно улично осветлување, надземна нестандардна електрична мрежа | 480 ден. | 800 ден. |

Сите објекти опфатени со ОА за село, УПС, УПВНМ, ДУПД и др. урбанистичка документација со која се формираат и разработуваат повеќе ГП надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се утврдува во согласност со табелата во точка V која се однесува за приградски реон III зона.

Истата ќе се применува во зависност од зоната и уреденоста во која се наоѓа предметната парцела, односно Рурална (20%, 25% или 30%).

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежното

земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во точка 3, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (4) од правилникот, за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

### V.1 Градски реон (спроведување врз основа на ГУП или нереализиран ДУП), делумно уредено или неуредено градежно земјиште

Во случај кога предмет на уредување е градежно земјиште, спроведено со урбанистички проект или друга планско-проектна документација врз основа на ГУП на град Битола, или ДУП или дел од ДУП со слаб интерес за реализација, каде што во моментот нема јасно дефинирани траси, технички можности или економска исплатливост Општина Битола да ја изгради инфраструктурната мрежа, надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува во согласност со зоната во која се наоѓа објектот, намената на објектот и степенот на уреденост на градежното земјиште.

Согласно член 95 став (2) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 224/24 и 233/24), уреденоста на градежното земјиште ќе ја утврдува комисија формирана од општината, која е составена од три члена од редот на вработените во службата која го врши уредувањето на градежното земјиште.

Доколку станува збор за делумно уредено градежно земјиште или целосно неуредено градежно земјиште, согласно член 97 став (1) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 224/24 и 233/24), кога градежното земјиште не е уредено со објекти на комунална инфраструктура, инвеститорот може сам да го уреди градежното земјиште на свој трошок и притоа не плаќа надоместок за уредување, а правата и обврски во врска со уредување на градежното земјиште се утврдуваат во постапка за издавање на одобрение за градење, согласно Законот за градење.

Доколку корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно заверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е да овозможи на останатите корисници приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објектите кои делумно или целосно ќе бидат ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се води регистер со пресметка и договор во делот за кој се ослободени, а кога Општина Битола, ќе увиди дека има интерес, економска исплатиливост и потреба за реализација на планираната инфраструктура, по претходно внесување во Годишна програма за уредување на градежно земјиште, инвеститорот е должен надоместокот или разликата на надомест за кој бил ослободен да ја исплати во целост.

### V.2 Приградски реон (спроведување врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП и други поединечни градби кои се дозволуваат со друг закон, формирање, урбанизација или изградба на една ГП или КП)

Сите поединечни градби, кои се спроведуваат врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП вон опфат на урбанистички план и други законски регулативи со кои се дозволува изградба на една ГП или КП, каде што во моментот

нема проектирани траси, технички можности или економска исплатливост Општина Битола да ја изгради инфраструктурна мрежа, надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува во согласност со зоната во која се наоѓа објектот, намената на објектот и уреденоста на градежното земјиште.

Во оваа група влегуваат и:

- Сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/22, 171/24 и 224/24), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/22, 171/24 и 224/24), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.
- Сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16, 161/19 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24).

Уреденост на градежното земјиште согласно член 95 став (2) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 224/24 и 233/24), ќе ја утврдува комисија формирана од општината, која е составена од три члена од редот на вработените во службата која го врши уредувањето на градежното земјиште.

Надоместокот кој ќе треба да го исплатат е во согласност со претходно вложените средства за изведени комунални инфраструктури, а евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура и изградбата на нови инфраструктури ќе се доуредуваат во постапка согласно Законот за градење. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

Доколку станува збор за делумно уредено или целосно неуредено градежно земјиште, согласно член 97 став (1) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 224/24 и 233/24), кога градежното земјиште не е уредено со објекти на комунална инфраструктура, инвеститорот може сам да го уреди градежното земјиште на свој трошок и притоа не плаќа надоместок за уредување, а правата и обврски во врска со уредување на градежното земјиште се утврдуваат во постапка за издавање на одобрение за градење, согласно Законот за градење

Доколку корисникот на земјиштето сам ја гради инфраструктурната мрежа, согласно заверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е да овозможи на останатите корисници приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

## VI. Висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно точка 3 од програмата, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **3500 ден/м²<br>3000 ден/м²<br>2800 ден/м²<br>2400 ден/м²** |
| - | Станбени простории | 1,0 Коефициент |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор* | 0,2 Коефициент |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 Коефициент |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 Коефициент |
| - | Балкони, тераси | 0,2 Коефициент |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 Коефициент |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 Коефициент |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 Коефициент |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 Коефициент |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 Коефициент |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| **2** | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **5600 ден/м²<br>5000 ден/м²<br>4500 ден/м²<br>4000 ден/м²** |
| - | Простории | 1,0 Коефициент |
| - | Магацини | 0,5 Коефициент |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 Коефициент |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 Коефициент |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 Коефициент |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 Коефициент |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 Коефициент |
| - | Балкони, тераси | 0,3 Коефициент |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 Коефициент |
| **3** | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **5600 ден/м²** |
| - | Катни гаражи | 0,05 Коефициент |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 Коефициент |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 Коефициент |
| - | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| - | Базени | 0,2 Коефициент |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 Коефициент |
| **4** | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **9000 ден/м²** |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 Коефициент |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,01 Коефициент |
| - | Г3 – Сервиси | 0,01 Коефициент |
| - | Г4 – Стоваришта | 0,01 Коефициент |
| **5** | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | **5600 ден/м²** |
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| **6** | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом** | **40000 ден/м²** |
| - | Сите простории | 0,05 Коефициент |
| **7** | **За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица** | **9000 ден/м²** |
| - | Сите простории | 0,05 Коефициент |
| **8** | **За објекти за високо образование** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,05 Коефициент |
| **9** | **За објекти за култура** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,01 Коефициент |
| **10** | **За објекти за терцијална здравствена заштита** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,05 Коефициент |
| **11** | **За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)** | **9000 ден/м²** |
| | | 0,01 |
| **12** | **За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)** | **6000 ден/м²** |
| - | за 50% од површината на градежната парцела | 0,01 |
| **13** | **За градби за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници)** | **1 200 000 ден/един.** |
| - | за една ветерница | 1 |

* Дадената коефициент во табела, точка 1 алинеа 2, за станбени простории од 2,5м’ е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот (од готов под до плафон). Во согласност со член 125 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објектите („Службен весник на РМ“ бр.60/12); поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанистичко-архитектонските услови на

планската документација. Над ѕидот на фасадиите ѕидови, (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50 m' рачунато од подот до почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот, ако во поткровната конструкција има армирано бетонска плоча, ќе се применува коефициент 0,5.

Доколку на страните над кои има надѕидок има дополнителни надвишувања повисоки од 1,5m' во должина поголема од 50% од вкупната должина на истите, ќе се применува коефициент 1,0.

За објекти како што се антенски столб, платформа на антенски столб и објекти поврзани со антенски столб, висината на надоместокот ќе се пресметуваат по вредности за деловни простории, согласно зоната во која се наоѓаат. Висината на антенскиот столб ќе се пресметува во соодност како површина односно 1m'=1m² деловен простор.

Компатибилните намени на објекти со основна класа на намени „Станбените објекти“, ќе се пресметуваат по вредност за „Деловни и јавни објекти“, согласно зоната во која се наоѓа објектот.

При поставување на фотоволтаични панели на кров или фасада на постоен објект, истото се смета за поставување на опрема на објект, не се добиваат дополнителни корисни површини и не се пресметува надомест за уредување на градежно земјиште.

По исклучок, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната за лифтови;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство (поединечни градби - споменици на културата)

За објектите од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина и за други објекти без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW, ниско напонски и среднонапонски електрични инфраструктурни водови, ПТТ инфраструктурни водови, како и за објекти и градби каде што инвеститор е Општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

### VI.1. Распределба на средствата

Распределбата на средствата ќе се врши согласно следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| **ОСНОВЕН СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места | 8 % |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј | 15 %<br>10 %<br>28 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 10 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 8 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 10 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл.) | 4 % |
| **ПОВИСОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
| 1. | ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа | 3 % |
| 2. | Топлификациона мрежа | 5 % |
| 3. | Паркинг простори (јавни паркинг простори, одалечени не повеќе од 30м од најблиската точка на ГП) | 4 % |
| 4. | Гасоводна мрежа | 8 % |
| 5. | Пречистителна станица за отпадни води | - |
| **ПОНИЗОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ** | | |
| 1. | непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат | 13% |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа) | - |
| 3. | септичка јама (нема приклучок на фекална канализација) | - |
| 4. | сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација) | - |
| 5. | нестандардно улично осветлување | 3% |
| 6. | надземна нестандардна електрична мрежа | 4% |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 100% од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

**VI.2 Отстранување на постоен објект (пребивање на комуналии)**

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во ваквите случаи, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се отстранува, тогаш инвеститорот не плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште.

**VI.3 Пренамена на просторот**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена на станбен во друг вид простор се наплатува во висина на евентуалната разлика еднократно, а средствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен и деловен) во станбен простор не се наплатува.

**VI.4 Претходни договори**

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Битола и во меѓувреме се поништени решенија за услови за градба, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето, за истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Доколку инвеститорот се откажи од изградбата, потребно е да достави доказ дека документацијата му била поништена како и чист имотен лист (без запишано право за градење- товар) со што би можел да им се врати уплатениот надоместокот во целост.

**VI.5 Самоиницијативно изградена инфраструктура**

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни

мрежи примени од јавените комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

### VI.6 Начин на одложено плаќање

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, но најмногу на 12 месечни рати со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и банкарска гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" врзани во зависност од принципот на одложено плаќање кои се формирани на следниот начин:

*За вкупен износ на надоместокот до 120.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договор во целост.

**За вкупен износ на надоместокот од 120.000,00 до 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

***За вкупен износ на надоместокот над 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

Одобрението се издава во регуларни рокови согласно Законот за градење и Законот за општа управна постапка, а доколку инвеститорот не ги подмирува договорните обврски навремено се активира банкарската гаранција за нејзино подмирување во целост.

## VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата.

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2025 год.

| Ред. Бр. | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **1.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување ипречистување на отпадни води** | **780.000,00** |
| 1.1 | | | | Изградба на атм. канализациона мрежа на улица СРУ5 во АРМ ( до спортска сала) | 780.000,00 |
| | | | | | |
| **2.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482720** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **700.000,00** |
| 2.1 | | | | Изградба на водоводна мрежа на дел од улица СРУ5 во АРМ ( до спортска сала) | 700.000,00 |
| | | | | | |
| **3.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над изградбата на високоградба** | **5.500.000,00** |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I:** | **6.980.000,00** |
| | | | | | |
| **4.** | **ЈД0** | **Основен буџет** | **482130** | **Реконструкција/ Рехабилитација на улици, патишта и автопати** | **20.890.830,00** |
| 4.1 | | | | Реконструкција на коловоз на дел од улица „Даме Груев" во насеба Мал Париз (покрај пругата) | 2.548.477,00 |
| 4.2 | | | | Реконструкција на коловоз на крак од улица „16-та" (покрај ЈП „Водовод") | 1.742.353,00 |
| 4.3 | | | | Реконструкција на локален пат за с.Трново до границата со НП„Пелистер" | 2.000.000,00 |
| 4.4 | | | | Санација со гранитни плочки (Широк сокак и Стара чаршија) | 1.600.000,00 |
| 4.5 | | | | Санација на тротоари и улици со бехатон | 6.000.000,00 |
| 4.6 | | | | Санација на коловози со тампон | 1.000.000,00 |
| 4.7 | | | | Санација на ударни дупки со асфалт и камена коцка | 6.000.000,00 |
| | | | | | |
| **5.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482330** | **Реконструкција на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **5.000.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | | | | Машинско чистење на канали | 1.500.000,00 |
| 5.2 | | | | Чистење на корито на р.Драгор | 1.500.000,00 |
| 5.3 | | | | Санација на решетки и сливници | 2.000.000,00 |
| | | | | | |
| **7.** | **РА** | **Фосилни горива** | **482330** | **Реконструкција на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **8.917.301,00** |
| 7.1 | | | | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Леринска“ | 3.540.338,00 |
| 7.2 | | | | Реконструкција на дел од фекална канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“ | 5.376.963,00 |
| | | | | | |
| **8.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482730** | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **2.119.098,00** |
| 8.1 | | | | Реконструкција на водоводна мрежа на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“ | 1.100.000,00 |
| 8.2 | | | | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Караорман“ | 1.019.098,00 |
| | | | | | |
| **9.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482930** | **Реконструкција на други објекти** | **4.800.000,00** |
| 9.1 | | | | Услуга од градежни машини | 800.000,00 |
| 9.2 | | | | Градежно-занаетчиски работи заедно со градежни материјали | 4.000,000,00 |
| 9.3 | | | | Реконструкција на потпорен ѕид на ул.„Јорго Костовски“ | 2.200.000,00 |
| | | | | | |
| **10.** | **ГД0** | **Основен буџет** | **482830** | **Реконструкција на капацитети во енергетиката** | **3.000.000,00** |
| 10.1 | | | | Одржување на с-ми за греење во објекти на О.Б-ла | 3.000.000,00 |
| | | | | | |
| **11.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над изградба и реконструкцијат а на линиска инфраструктура** | **1.750.000,00** |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО II:** | **48.677.229,00** |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I+II:** | **55.657.229,00** |

## VIII. Динамика на извршување на програмата

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што во повеќе фази со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на горното, а од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- динамика на приливот на средства преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- до следната промена на роковите предвидени во Законот за Општа управна постапка и останатите законски прописи што учествуваат во регулирањето на оваа област;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- благовремената реализација на елаборатите за експропријација;
- навремено изготвување на урбанистичко-техничка документација;

Расходите за изградба и реконструкција на улици, канализација - колекторскиот систем, капацитетите во водоснабдувањето и капацитети во енергетиката ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

## IX. Преодни и завршни одредби

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот и Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Советот на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште врши координација во реализација на објектите согласно член 22 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Законот за градење („Службен весник на РМ“бр. 130/09; бр.124/10; бр.18/11; бр.36/11; бр.54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 27/14; 28/14; 42/14115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19; 18/20 и 279/20).

За успешно реализирање на Програмата треба сите учесници, Општина Битола заедно со Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина на Советот на Општина Битола, Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Битола, Органот за имотно правни работи во Министерството за финансии и Јавните комунални претпријатија, треба да го дадат максималниот придонес во рамките на своите надлежности и права.

Наплатата за повисок степен на уредување на просторот ќе започне да се применува, кога ќе се створат технички услови за наплата на истиот, односно информации од постојната и новопланираната мрежа во ГИС систем како и приспособување на систем за пресметка на комуналии согласно предвидените проценти на распределба.

Оваа програма влегува на сила од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Битола“, а ќе се применува и ќе може да се дополнува по потреба до донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште за наредната година.

Барањата кои се поднесени пред стапување на сила на оваа програма ќе се пресметуваат во согласно со програмата која била на сила во времето на нивното поднесување.

Бр.09-158/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Програма за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2025 година

Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2025 година, донесена на седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 15 од Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ бр.61/2004; 64/05; 92/07; 123/12 153/15; 192/15 и 23/16 и Сл.Весник на РСМ бр.151/21) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2025 година

Со програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2025 година се врши распределба на средствата што на Општина Битола и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување во сервисните и станбените улици.

Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување на инсталациите за осветлување во сервисните и станбените улици на подрачјето на Општината и тоа:

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2025година

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Буџет 2025 |
|---|---|---|---|
| 1. | 717116 | Надоместок од комунална дејност за улично осветлување | 66.250.910,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **66.250.910,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за јавно осветлување за 2025год.

| Ред. бр. | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ј30, Е0, Д1, Њ0 | Основен буџет | 421110 | Електрична енергија | *40.000.000,00* |
| 2. | Ј30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (град) | *4.000.000,00* |
| 3. | Ј30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (рурални средини) | *3.500.000,00* |
| 4. | Ј30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (тековно одржување-замена на живини, натриумови и флуорецентни светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување) | *6.000.000,00* |
| 5. | Ј30 | Основен буџет | 426990 | Услуги од електричарство | *2.000.000,00* |
| 6. | Ј30 | Основен буџет | 423990 | Материјали за новогодишни украси, детски фигури и изнајмување на украси | *3.000.000,00* |
| 7. | Ј30 | Основен буџет | 424390 | Електро-занаетчиски работи за одржување на објекти на Опшина Битола | *2.000.000,00* |
| 8. | Ј30 | Основен буџет | 424390 | Инвестиционо одржување (столбови и електрична мрежа) | *3.000.000,00* |
| 9. | Ј30 | Основен буџет | 424390 | Испитување на инсталација, и сервисирање на громобрански инсталации, заштитно заземјување и ПП заштита на објекти на Општина Битола | *1.000.000,00* |
| | | | | | |
| 10. | ЈА0 | Основен буџет | 482830 | Реконструкција на капацитети во енергетиката | 1.250.910,00 |
| *11.1* | | | | *Реконструкција на улично осветлување на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“* | *1.250.910,00* |
| | | | | | |
| 12 | ЈЛ0 | Основен буџет | 482940 | Надзор над изведбата | 500.000,00 |
| | | | | | |
| | | | | ВКУПНО: | 66.250.910,00 |

Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/4
23.12.2024 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2025 година

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/3
26.12.2024 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за недонесување на Програма за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2025 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Програма за измени и дополнување на Програма за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2025 до 2027 година

Се објавува Програма за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2025 до 2027 година, донесена на седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за измени и дополнување на Програма за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2025-2027 година

Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2025 до 2027 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2025 до 2027 година и истите гласат:

Програмата започнува со реализација во 2025година, а плановите опфатени со неа имат рок за реализирање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2027година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма со измените изнесуваат **1.628.710.273,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **541.436.550,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2024год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **817.846.099,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2025год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **269.427.624,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2026год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Измените се однесуваат на:

Во Буџетската програма **LA – Спорт и рекреација (Капитални трошоци)**

1. Насловот на Развојната програма LAC – Реконструкција на кров на спортска сала во село Бистрица се менува и гласи „Реконструкција на објект бр.1 (спортска сала) на КП бр.1158, КО Бистрица, Општина Битола

поради тоа што проектантот при подготвување на проектната документација со анализа на состојбата на објектот процени дека објектот е цел за реконструкција а не само кровот.

Во Буџетската програма **JI – Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води**

1. Во Развојната програма JIN - Реконструкција на канализциона мрежа на улица „Стив Наумов“ под реден број 56, средствата за реализација предвидени во 2025год се намалуваат во износ од 5.376.963,00ден. бидејќи истите се предвидени да се реализираат преку Програмата за наменско трошење на определени средства во областа на животната средина, по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2022год.

2. Развојната прграма JIM - Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Леринска“ под реден број 67 се брише, бидејќи истата ќе се реализира преку Програмата за наменско трошење на определени средства во областа на животната средина , по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2022год.

Во Буџетската програма **JL – Изградба на други објекти**

1. Во Развојната програма JLD – Реконструкција на тоалети во ОУ „Коле Канински“ дел од средствата во вредност од 2.200.000,00 денари предвидени за реализација во 2025 година се префрлаат во 2026 година заради динамиката на реализација на проектот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови.

Бр.09-158/6
23.12.2024 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

# П Р И Л О Г 1

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ
## НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ 2025-2027

| Реден број | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2025 во ден. | Износ за 2026 во ден. | Износ за 2027 во ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **JD** | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1. | | JDS | Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов“ | 6.307.000,00 | 8.262.819,00 | 0,00 |
| 2. | | JDL | Реконструкција на коловоз на улица „Солунска“ II фаза | 3.500.000,00 | 3.000.000,00 | 0,00 |
| 3. | | JDQ | Реконструкција на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 29.900.000,00 | 45.577.528,00 |
| 4. | | JDZ | Изградба на паркинг простори зад Декорпод, | 7.800.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5. | | JDZ | Изградба на паркинг простор кај „Овчи Пазар“ | 100.000,00 | 7.900.000,00 | 0,00 |
| 6 | | JDZ | Изградба на паркинг простори кај „Ат Пазар“ | 100.000,00 | 4.900.000,00 | 0.00 |
| 7. | | JDB | Изградба на коловоз на улици од ДУП за БЛР4 и дел од ДУП БЛР 4 блок 2 („150-та“, „170-та“ и „210-та“) - Битола | 14.125.336,00 | 200.000,00 | 0,00 |
| 8. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Чеде Филиповски“ | 13.156.081,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 9. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Буково | 10.174.789,00 | 9.536.853,00 | 0,00 |
| 10. | | JDG | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Цапари (до ф-ката) | 6.197.043,00 | 5.900.000,00 | 0,00 |
| 11. | | JDI | Реконструкција на коловоз на улица „Никола Тесла“ | 2.024.661,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| 12. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на краци на улица „Буковски мост“ | 3.894.836,00 | 0,00 | 0,00 |
| 13. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „Влатко Миленковски“ „Паца Ванчова“и „Гаврило Принцип“ | 100.000,00 | 6.348.118,00 | 0,00 |
| 14. | | JDM | Изградба на коловоз на улична мрежа во с. Карамани | 100.000,00 | 16.679.352,00 | 0,00 |
| 15. | | JDR | Реконструкција на коловоз на крак1, крак2 и крак3 на улица „Даме Груев“ во нас. Мал Париз | 5.424.020,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 16. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај- јужна страна на р.Драгор од спој со ул.Добривоје Радосављевиќ до спој со ул.Свети Наум“ | 20.214.255,00 | 16.160.480,00 | 0,00 |
| 17. | | JDV | Реконструкција на коловоз на улица „7-ма Бригада“ | 100.000,00 | 5.807.076,00 | 0,00 |
| 18. | | JDY | Изградба на коловоз на улица кај Дулие (ЛИДЛ) | 11.780.000,00 | 8.318.784,00 | 0,00 |
| 19. | | JDZ | Изградба на коловоз на дел од улица „СРУ5“ (до спортската сала) | 4.600.000,00 | 4.653.083,00 | 0,00 |
| 20. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Караорман“ | 100.000,00 | 6.196.062,00 | 0,00 |
| 21. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 25.000.000,00 | 77.989.626,00 | 0,00 |
| 22. | | JDZ | Изградба на инфраструктура на улица СТУ3 во АРМ Четврт 1 | 19.627.447,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 23. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Панде Кајзеро“ во Битола | 5.385.770,00 | 100.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „Љубојно“, „Мукос“ и „5-та“ | 100.000,00 | 3.194.839,00 | 1.900.000,00 |
| 25. | | JDZ | Изградба на коловоз на патот до црквата во с.Крклино | 100.000,00 | 3.885.200,00 | 0,00 |
| 26. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Христо Ботев“ | 100.000,00 | 9.155.750,00 | 0,00 |
| 27. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Леринска“ | 4.006.439,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 28. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Нико Фундали“ | 7.406.051,00 | 0,00 | 0,00 |
| 29. | | JDZ | Изградба на патот до манастирот Св. Меркјури во с. Барешани | 100.000,00 | 5.641.222,00 | 0,00 |
| 30. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Димитар Тодоровски“(11-та) | 100.000,00 | 2.369.799,00 | 0,00 |
| 31. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на локален пат за село Магарево (од трансформатор од с.Трново до граница со НП Пелистер) | 15.452.021,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 32. | | JDZ | Реконструкција на банкини со коцка на локален пат за с.Брусник | 2.500.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 33. | | JDZ | Изградба на коловоз и сообраќајна инфраструктура на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | 20.000,00 | 12.465.420,00 | 0,00 |
| 34. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Бегова чешма“ | 30.000,00 | 1.671.562,00 | 0,00 |
| | **LA** | | **Спорт и рекреација (капитални трошоци)** | | | |
| 35. | | LAA | Реконструкција на други објекти | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 36. | | LAB | Мултифункционален спортски комплекс (Подготвување на проектна документација) | 200.000,00 | 70.000.000,00 | 0,00 |
| 37. | | LAE | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ „Елпида Караманди“ | 20.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 38. | | LAN | Изградба на атлетска патека на стадион „Тумбе Кафе“ | 100.000,00 | 29.900.000,00 | 30.000.000,00 |
| 39. | | LAC | Реконструкција на објект бр.1 (спортска сала) на КП бр.1158,КО Бистрица | 17.681.856,00 | 20.000.000,00 | 0,00 |
| 40. | | LAQ | Изградба на велосипедски патеки | 26.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 41. | | LAM | Реконструкција на објект бр.2 (поранешен ресторант „Парк“ на КП 16702/1 КО Битола 3 | 100.000,00 | 58.024.084,00 | 0,00 |
| 42. | | LAS | Изработка на физибилити студија и техничка документација за изградба на гондола на потег од с,Дихово до врв Пелистер | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| 43. | | LAR | Изградба на центар за спорт и рекреативни активности | 43.283.037,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 44. | | LAP | Санација на јужна трибина на фудбалскиот стадион „Петар Милошевски“ во Битола | 26.613.269,00 | 20.000.000,00 | 0,00 |
| 45. | | LAY | Реконструкција на десет спортски игралишта:1.У.Е. „Поранешно Стрелиште“- Општина Битола2.ПООУ „Тодор Ангелевски “- Општина Битола3. ПООУ „Коле Канински“- Општина Битола4.ОУ „Др.Трифун Пановски“ - Општина Битола5. ОУ „Ѓорги Сугарев“ - Општина Битола6. ОУ „Тодор Анѓелевски “ - Општина Битола7. ОУ „Св.Климент Охридски “ - Општина Битола8. ОУ „Гоце Делчев “ (Турското) - Општина Битола9. ОУ „Гоце Делчев “ - Општина Битола10.ОУ „Даме Груев“ – Општина Битола | 100.000,00 | 59.395.649,00 | 100.000.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **GD** | | **Енергетика** | | | |
| 46. | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 0,00 | 58.000.000,00 | 71.863.200,00 |
| 47. | | GDP | Реконструкција на улично осветлување на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 7.500.000,00 | 7.987.400,00 |
| 48. | | GDL | Санација на систем за греење во спортска сала „Боро Чурлевски“ | 7.200.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 49. | | GDV | Реконструкција на улично осветлување на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 2.907.700,00 | 3.365.374,00 | 0,00 |
| 50. | | GDM | Реконструкција на улично осветлување на улица „Никола Тесла“ | 1.416.704,00 | 1.000.000,00 | 0,00 |
| 51. | | GDR | Реконструкција на улично осветлување на улиците „11-ти Март “ и „Панде Николов“ | 1.649.853,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 52. | | GDQ | Батерии за UPS за рефлектори на Градски стадион | 5.000.000,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 53. | | GDY | Изградба на улично осветлување на улица СТУ3 во АРМ Четврт1 | 3.112.545,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 54. | | GDX | Изградба на улично осветлување на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | 20.000,00 | 3.269.752,00 | 0,00 |
| | **VA** | | ***Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца)*** | | | |
| 55. | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 30.000.000,00 | 59.050.829,00 | 0,00 |
| | **JI** | | **Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води** | | | |
| 56. | | JIN | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“ | 2.623.037,00 | 0,00 | 0,00 |
| 57. | | JIJ | Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 9.099.496,00 | 9.099.496,00 |
| 58. | | JIF | Реконструкција на канализациона мрежа на улична мрежа во населба Горно Оризари | 5.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 59. | | JIA | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Христо Ботев“ | 100.000,00 | 3.590.000,00 | 0,00 |
| 60. | | JIB | Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100.000,00 | 6.323.613,00 | 0,00 |
| 61. | | JIC | Изградба на фекална канализациона линија и атм. канал. мрежа на улици од ДУП за БЛР 4 и ДУП за БЛР 4 блок2 (улици „150-та“, „170-та“ и „210-та“) Битола | 8.183.119,00 | 0,00 | 0,00 |
| 62. | | JIG | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Караорман“ | 100.000,00 | 8.424.271,00 | 0,00 |
| 63. | | JIH | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 7.148.240,00 | 10.000.000,00 | 0,00 |
| 64. | | JII | Изградба на фекална канализациона мрежа на улица СТУ3 во АРМ Четврт 1 (со приклучоци) | 3.424.506,00 | 0,00 | 0,00 |
| 65. | | JIK | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на улица СТУ3 во АРМ Четврт 1(со приклучоци) | 2.550.798,00 | 0,00 | 0,00 |
| 66. | | JIL | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Панде Кајзеро“ | 2.599.271,00 | 0,00 | 0,00 |
| 67. | | JIO | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Нико Фундали“ | 2.578.776,00 | 0,00 | 0,00 |
| 68. | | JIP | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Никола Тесла“ | 2.951.261,00 | 0,00 | 0,00 |
| 69. | | JIZ | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Димитар Тодоровски“ (11-та) | 100.000,00 | 4.005.870,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 70. | | JIQ | Изградба на на колектор на локален пат Трново -Магарево (последна фаза до граница со с.Магарево) | 100.000,00 | 14.600.000,00 | 0,00 |
| 71. | | JIX | Изградба на фекална канализациона мрежа на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | 20.000,00 | 3.402.596,00 | 0,00 |
| 72. | | JIX | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | 20.000,00 | 7.608.018,00 | 0,00 |
| 73. | | JIY | Реконструкција на канализациона мрежа со приклучоци на улица „Бегова чешма“ | 35.000,00 | 748.865,00 | 0,00 |
| | **JG** | | **Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување** | | | |
| 74. | | JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Стив Наумов“ | 8.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 75. | | JGJ | Изградба на водоводна мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 2.566.057,00 | 3.000.000,00 |
| 76. | | JGC | Реконструкција на водоводна мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100,000,00 | 4.549.657,00 | 0,00 |
| 77. | | JGG | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 3.988.480,00 | 4.900.000,00 | 0,00 |
| 78. | | JGH | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Нико Фундали“ | 2.343.398,00 | 0,00 | 0,00 |
| 79. | | JGI | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Никола Тесла“ | 2.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 80. | | JGK | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Христо Ботев“ | 767.500,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| 81. | | JGQ | Реконструкција на дел од разводна мрежа во с.Трново и с.Магарево | 100.000,00 | 6.000.000,00 | 0,00 |
| 82. | | JGW | Реконструкција на водоводната мрежа на ул.„Бурса“ | 1.100.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 83. | | JGZ | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Димитар Тодоровски“ (11-та) | 100.000,00 | 1.054.874,00 | 0,00 |
| 84. | | JGL | Реконструкција на водоводна линија на патот Битола – с.Поешево-с.Логоварди во с.Поешево | 23.479.684,00 | 0,00 | 0,00 |
| 85. | | JGY | Изградба на водоводна мрежа на улица СТУ3 во АРМ Четврт 1 | 100.000,00 | 1.900.000,00 | 0,00 |
| 86. | | JGA | Изградба на водводна мрежа на северна улица3 со станбен простор, станбена улица1 со паркинг простор и пристапна улица1 од ДУП за комплекс болници | 20.000,00 | 6.477.319,00 | 0,00 |
| 87. | | JGX | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Бегова чешма“ | 35.000,00 | 1.035.061,00 | 0,00 |
| | **WA** | | **Изградба на други објекти (Противпожарна заштита)** | | | |
| 88. | | WAA | Изградба на објект на противпожарна единица во АРМ | 50.349.101,00 | 72.000.000,00 | 0,00 |
| | **JL** | | **Изградба на други објекти** | | | |
| 89. | | JLV | Изградба на велосипедска патека (ПАМП трака) | 5.117.488,00 | 0,00 | 0,00 |
| 90. | | JLZ | Изградба на парк кај обласста | 2.500.000,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 91. | | JLE | Изработка на постамент за поставување на споменикот на Александар Турунџев | 1.600.000,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 92. | | JLG | Средства за смирување на сообраќајот пред училиштата | 5.900.000,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| 93. | | JLD | Реконструкција на тоалети во ОУ„Коле Канински“ | 5.009.847,00 | 2.300.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **NA** | | **Капитални расходи за основно образование** | | | |
| 94. | | NAA | Реконструкција на фасада – изведба на нова енергетска и ефикасна фасада на ОУ „Стив Наумов“ | 7.681.331,00 | 418.669,00 | 0,00 |
| | | | **Вкупно по години:** | **541.436.550,00** | **817.846.099,00** | **269.427.624,00** |
| | | | **Сè вкупно:** | **1.628.710,273,00** | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија за 2025 година

Се објавува Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија за 2025 година, донесена на седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/5
26.12.2024 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („ Службен гласник на Општина Битола бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општината Битола, на вонредната седница одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2025 година

Во Буџетот на Општина Битола за 2025 година, предвидени се средства за субвенционирање на Годишните планови за работа и Годишните инвестициони програми на јавните претпријатија.

За субвенционирање на Годишните планови за работа на

- МЈП – Пелалинк - Битола
- ЈП – Пазари - Битола

За користење на планираните субвенции во Програмата за субвенционирање на Јавните Комунални Претпријатија основани од општината, потребно е покрај Барањето за исплата да се достави потребна документација од која ќе се констатира обемот на извршените активности од Годишниот план за работа .

### I. Субвенционирање на Годишниот план на МЈП Пелалинк

За субвенционирање на Годишниот план за работа за 2025 година на МЈП Пелалинк се планираат 2.452.123,00 денари, кои средства се алоцирани во:

- Програма J50- Јавен локален превоз на патници планирани се средства во износ од 2.452.123,00 денари за субвенционирање на дел од трошоците за МЈП Пелалинк на ставка 461130 Субвенции за јавни комунални претпријатија.

Со планираните средства во износ од 2.452.123,00 денари алоцирани во потпрограмата J50- Јавен локален превоз ќе се субвенционираат следните активности:

- субвенционирање на дел од тековно-оперативните расходи,
- други тековни расходи

МЈП ПЕЛАЛИНК Битола е претпријатие основано за заедничко организирање на линиски превоз на патници. Проблемите со превозот кои што се провлекуваат низ години се резултат на неисплатливост од вршењето на превоз на одреден број на линии заради мал број на ученици кои што се превезуваат на тие линии и големите трошоци за реализација.

Работата на претпријатието овозможува исполнување на законската обврска за бесплатен превоз на учениците во основното

и средното образование, во Општина Битола, Општина Могила и Општина Новаци, на оние линии за кои што не се склучуваат договори за превоз со други оператори.

За функционирање на превозот, покрај финансиските средства обезбедени од блок дотациите од МОН, потребно е да се одобрат и субвенции од страна на Советите на општините.

Субвенциите ќе ги покриваат административните трошоци, оперативните трошоци. Исто така треба да се надополни разликата во средствата обезбедени од блок дотациите од МОН и реалните трошоци за реализација на превозот. Голем удел за потребата од овие субвенции, има економската и енергетската криза, односно повеќекратното зголемување на цената на горивата.

Планираните средства за субвенционирање се фиксни, а евентуалните измени би се усогласиле со Измени и дополнувања на Буџетот на Општината во 2025 година, со што и Годишниот план за работа за 2025 година на МЈП Пелалинк би бил дополнително изменет и усогласен.

По истекот на годината јавното претпријатие е должно до Советот на општината да достави Извештај за потрошените средства од претходната година.

**II. Субвенционирање на Годишниот план на ЈП ПАЗАРИ Битола**

За субвенционирање на Годишниот план за работа за 2025 година на ЈП Пазари се планираат 2.000.000,00 денари, кои средства се алоцирани во:

-Програма Ј80- Други комунални услуги планирани се средства во износ од 2.000.000,00 денари за субвенционирање на дел од трошоците за ЈП Пазари, на ставка 461130 Субвенции за јавни комунални претпријатија.

Со планираните средства во износ од 2.000.000,00 денари алоцирани во потпрограмата Ј80- Други комунални услуги ќе се субвенционираат следните активности:

- субвенционирање на дел од тековно-оперативните расходи,
- други тековни расходи

Планираните средства за субвенционирање се фиксни, а евентуалните измени би се усогласиле со Измени и дополнувања на Буџетот на Општината во 2025 година, со што и Годишниот план за работа за 2025 година на ЈП Пазари би бил дополнително изменет и усогласен.

По истекот на годината јавното претпријатие е должно до Советот на општината да достави Извештај за потрошените средства од претходната година.

Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## ЗАКЛУЧОК
### за објавување на Заклучокот за недонесување на Програма за економски развој на Општина Битола за 2025 година

Се објавува Заклучокот за недонесување на Програма за економски развој на Општина Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за недонесување на Програма за економски развој на Општина Битола за 2025 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за економски развој на Општина Битола за 2025 година

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за туризам на Општина Битола за 2025 година

Се објавува Програма за туризам на Општина Битола за 2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 24.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за туризам на Општина Битола за 2025

**1. Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот**

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк Пелистер. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк на дел од изготвена Програма од нивна страна за цела 2025 година и која ќе биде доставувана на усвојување од страна на општина Битола. По завршување на известувачкиот период (декември 2025 година) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник по поднесен извештај за извршени работи. Сите овие активности се регулирани со обостран потпишан меѓусебен договор на општина Битола и НП Пелистер Битола.

**2. Изработка на студија за развој на летен и зимски туризам на Пелистер**

**3. Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот**

Јавен повик за здруженија од областа на туризмот (сите гранки) за активности во врска со унапредување на туризмот.

**4. Организација на “Зимска приказна” во Битола**

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за туризам во Општина Битола за 2025 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 718117 | Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност | **2.500.000,00** |
| 2 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | **2.500.000,00** |
| | | | **5.000.000,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за туризам во Општина Битола**
**за 2025 година**

| Ред. Бр. | Прог-рама Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 464990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | **500.000,00** |
| 2 | 464990 | Студија за развој на летен и зимски туризам на Пелистер | **300.000,00** |
| 3 | 464990 | Разни трансфери / Организација на "Зимска приказна" | **4.000.000,00** |
| 4 | 464990 | Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот | **200.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **5.000.000,00** |

Со оваа програма е обезбеден родов аспект преку приоритети на Општина Битола.

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола.

Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за еднакви можности во Општина Битола за 2025 година

Се објавува Програма за еднакви можности во Општина Битола за 2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите, член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) а во согласност со Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021- 2026, Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 24.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за еднакви можности во Општина Битола за 2025 година

### ВОВЕД

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Битола (во понатомошниот текст КЕМ).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Битола за 2025 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012, 166/2014 и

150/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Воедно, со Програмата е предвидено организирање на различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2025 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и во согласност со Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021- 2026.

Општина Битола оваа Програма ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2025 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2025 година.

**ЦЕЛИ**

Цел на Општината заедно со Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Битола во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година се:

- промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Битола и преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на Општина Битола за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување
- Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право
- зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење
- унапредување на заштита од насилство врз жени
- унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени
- поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис
- Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање на Владата на Р.Македонија;
- Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;

- Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;
- Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции /сектори и одделенија/ во општинската администрација така и во, комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции
- Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство
- Родова сензибилизација на сопственици и менаџери на мали и средни претпријатија во Општина Битола за подигнување на свеста кај вработените за родоварта еднаквост
- Подготовка на стратешки и опертивни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во Општина Битола.
- Вклучени жени во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство
- Поддршка на советовалиште за жртви кои преживеале родово насилство, доделување на финансиски средства за домување на жени жртви во одреден период 6 до 12 месеци.
- Вклучување и информирање за можностите на невработени жени од Општина Битола во програмите и мерките на АВРСМ
- Економско јакнење на жените од Општина Битола со намалување на стапката на невработеност кај жените преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)
- Поттикнивање на активните урбани заедици во Општина Битола во создавање услови за едукација на жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементиање на локални јавни политики

## ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

## ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ

Општина Битола во соработка со Комисијата за ЕМ и недискриминација пристапи кон изработка на програма за еднакви можности 2025 година во следните области :

**Воведување на родов пристап во креирање политики**

- Обуки за родова интегрција на вработените и советот на ОБ
- Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот
- Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата
- Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати

**Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола**

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките

**Родова еднаквост преку образование**

- Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта
- Премостување на родовиот јаз во технички науки
- Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство
- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители)

**Родова еднаквост преку култура**

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март

- Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички

**Родова еднаквост преку медиуми**

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување
- Дигитализација на микро- бизниси (услуги ) во сопственост на жени.
- Кампања за подеднаква поделба на товарот на домот

**Родова еднаквост преку здравство**

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Подигање на свеста на средношколска та младина за опасностите сексуално преносливите болести во насока на превенција на истите

**Родова еднаквост преку социјална заштита**

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени

**Родова еднаквост преку спорт**

- Поддршка на женски фудбалски и кошаркарски клубови
- Едократна парична награда за женски спортски клубови

**Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе**

- Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе
- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација
- Поддршка на Специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство
- Домување на жртви на семејно насилство
- Анализа на состојба на родовобазирано насилство и семејно насилство

**Родова еднаквост и економското јакнење на жената**

- Подигнување на свеста на рураланат жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 )
- Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови за активните мерки за вработување)
- Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка
- Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Пелагонискиот регион

**Вкупен буџет за реализација на оваа програма е 1.600.000,00 ден учество на Општина Битола**

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2025

| | | **Воведување на родов пристап во креирање политики, унапредување еднаквите можности за пристап и корист на програмите од страна на мажите и жените** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот (Родова анализа на програмите) | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>UN Women | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците<br>Родова анализа на програми (3 секоја година) | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано | Нема финансиски импликации | Листа на индикатори Усвоена<br>Податоци собрани<br>Број на родово одговорни интервенции кои се воведени во програми |
| Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата | ОБ | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците и нивна обработка и примена<br>Собирање на родово-разделени податоци<br>Изготувување и печатење на инфографик со анализа од собраните податоци со преораки за подобрување | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано | Нема финансиски импликации | Родово разделени статистички податоци за општинските институции |
| Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати | КЕМ | Унапредување на перформанс индикатори и динамика на нивно следење<br>Воведување на родова перспектива во формуларите за доделување на помош / средства и известување<br>Обука за родово одговорни индикатори | Да се подобри механизам за следење на родово еднакви резултати<br>Систем за следење на успех преку родови индикатори | 2025 | Нема финансиски импликации | Листа на перформанс индикатори<br>Формулари (родово сензитивни) усоени<br>Работилница оддржана<br>Број на учесници на работилница |
| Обука за родова интеграција и објава на граѓански родово одговорен буџет | Сектор за финансии<br>Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>UN Women | Обука за родова интеграција и составување граѓански родово одговорен буџет | Да се подобри механизам за следење на родово еднакви резултати | 2025 | Нема финансиски импликации | Објавен родово одговорен граѓански буџет |
| Родово одговорни мерки | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>UN Women | Пилот родово одговорни мерки (во образование, здравство, социјална заштита, ЛЕР, животна средина, спорт, култура, комунални дејности, урбанизам, млади) | Да се зајакне учеството на жените | 2025 | Нема финансиски импликации | Број на родово одговорни мерки кои се воведени во програми |
| Родово одговорна постапка | Сектор за финансии<br>Сектор за јавни набавки<br>Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>UN Women | ОбукаРодово одговорни повици за граѓански организации<br>Родово одговорни повици за граѓански организации | Родово одговорна постапка на јавни набавки (критериуми) за проекти со НВО | 2025 | Нема финансиски импликации | Објавен родово одговорен граѓански буџет |
| Градење на капацитет | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ | Обука | Градење на капацитет за подготовка и објава на годишен | 2025 | Нема финансиски импликации | Објавен годишен фискален родово |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЕМ<br>UN Women | | фискален родово одговорен извештај на општина Битола | | | одговорен извештај на општина Битола |
| | **Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола, воведување родов пристап во дизајнот и управувањето со општинските услуги и унапреди пристапот и корист од нив за мажите и жените** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници | КЕМ<br>Совет<br>Градоначалник | Работилници за подигнување на свеста за родовата еднаквост и родовите перспективи во програмите на општината | Да се зајакне свеста за еднакви можности | 2025 | Нема финансиски импликации | Број на работилници<br>Број на учесници |
| Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Градоначалник | Примена на прашалник со кои се проверува дали женската перспектива е вградена во одлуките | Да се зајакне учеството на жените | 2025 | Нема финансиски импликации | Прашалник применат |
| | **Родова еднаквост преку образование** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта | КЕМ<br>ЗГ | Истражување<br>Анализа на причините<br>Предлог мерки презентирани пред општината | Намалување на родова нееднавост во образование | 2025 | ***25.000 МКД*** | Анализа за причините спроведена |
| Обука за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | КЕМ<br>ЗГ | Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | Намалување на родова нееднавост и родово базирано насилство | 2025 | ***Програма за ЛЕР ( средтсва од поддршка на ЗГ)*** | број на обуки и учесници |
| Премостување на родовиот јаз во технички науки | КЕМ<br>ЗГ<br>Бизнис сектор | Анализа на постигнувањата на момчиња и девојчиња во природни науки и математика<br>Родова анализа на транзација од средно во високо образование по струки<br>Серија на предавања / инспиративни говори на успешни жени во технички науки | Намалување на родова нееднавост во образование | 2025 | ***25.000 МКД*** | Анализа направена<br>Предавања одржани<br>Број на посетители на предавања<br>Број на девојчиња кои се запишале на техничи науки |
| Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) | КЕМ<br>ЗГ<br>ОБ<br>Средни и основни училишта | Анализа на образовните потреби на деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители<br>Подготовка на активости произлезени како приоритетни образовни потреби од анализата | Подобрување на образовниот процес за деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители | 2025 | ***20.000 ден*** | Број на деца вклучени |
| | **Родова еднаквост преку култура** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден | КЕМ<br>Одделение за јавни дејности<br>Совет на ОБ | Развивање на културна програма за овие настани | Подигање на свест за родова еднаквост | 2025 | Програма за култура | Организирани настан<br>Број на учесници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на женските права - 8 март<br>Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички | ЗГ | Организирање на настани | | | | |
Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# за социјална заштита во Општина Битола за 2025 година

## I. ВОВЕД

„Најдлабокото мерило на човечкото достоинство е нашата способност да се грижиме за другите, особено за оние кои не можат да ни возвратат. Социјалната заштита не е само прашање на политика, туку и прашање на човечност.“

Непознат автор

Општина Битола, при донесувањето на Програмата за социјална заштита, интегрира современи искуства и веќе докажани практики од европските градови, обезбедувајќи услуги за сите социјално ранливи категории. Програмата се фокусира на задоволување на егзистенцијалните потреби на секој поединец, со акцент на правичноста и вклученоста.

Во насока на унапредување на локалните услови во областа на социјалната заштита, Општина Битола вложува континуирани напори да се справи со предизвиците на сиромаштијата и социјалната исклученост. Овие состојби најчесто произлегуваат од болест, долготрајна невработеност или други тешки животни околности, поради што на овие граѓани им е потребна поддршка и помош.

Социјалната заштита претставува систем на политики и мерки кои ги штитат граѓаните од социјални ризици и работат на нивно надминување. Програмата за социјална заштита на Општина Битола има за цел да ја намали сиромаштијата и социјалната исклученост, јакнејќи ги капацитетите на лицата од ранливи категории и нивната интеграција во секојдневниот живот на заедницата.

Програмата за 2025 година ги дефинира клучните приоритети за заштита на граѓаните на Битола, со фокус на подобрување на социо-економската и здравствената состојба на сите жители. Социјалната заштита е основен темел на стратегијата за работа со граѓаните на локално ниво и е дел од буџетот на Општина Битола, посветен на заштита и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, ромската заедница и сите кои се изложени на социјални опасности.

Оваа програма претставува сеопфатен систем на мерки и активности кои имаат за цел општо подобрување на условите за живот, особено на најсиромашните и социјално исклучените граѓани. Социјалната заштита, како важна инвестиција на Општина Битола, ќе генерира позитивни промени препознатливи за сите жители. Програмата го зема предвид реалниот социо-економски контекст, како и современите теоретски и практични достигнувања во областа на социјалната политика.

Појдовната основа за оваа програма е Законот за социјална заштита, кој ги обврзува општините да организираат и обезбедат социјална заштита согласно специфичните потреби на граѓаните. Програмата е насочена кон заштита на социјално најранливите категории, овозможувајќи им поддршка во задоволувањето на нивните основни животни потреби.

## II. ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА САМАТА ПРОГРАМА

Општината Битола, во остварувањето на своите надлежности во областа на социјалната заштита, работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од страна на државата и локалната самоуправа. Програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2025 година се темели на следните правни и стратешки документи:

- Социјален план на Општина Битола 2021-2025, кој ги дефинира локалните мерки и политики за заштита на ранливите категории.
- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година), како основен документ за организирање на системот на социјална заштита во земјата.
- Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 212 од 14.10.2020 година), кој ги содржи дополнувањата и прилагодувањата во врска со правата и обврските на корисниците на социјална заштита и донесува нови механизми за поддршка на ранливите категории и за зголемување на

правата на корисниците на социјална заштита..

- Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година), која ги регулира правата и услугите на децата, особено децата во ризик.

- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година), кој обезбедува специфични мерки за заштита на старите лица, особено оние без семејна грижа.

- Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.7.2019 година), кој ги утврдува правата и заштитата на децата во различни социјални и здравствени контексти.

- Закон за изменување на Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 244 од 30.11.2021 година), со кој се подобруваат механизмите за заштита на деца во ризик, вклучително и унапредување на услуги за заштита и поддршка.

- Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година), кој ги регулира правните односи во семејството и заштитата на семејствата со социјален ризик.

- Изменување и дополнување на Законот за семејство (Службен весник на РСМ, бр. 199 од 28.09.2022 година), овие измени ги зајакнуваат правата на децата и жените, особено во контекст на семејно насилство.

- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.9.2015 година), кој воспоставува механизми за заштита на жртвите на семејно насилство.

- Закон за изменување на Законот за семејно насилство (Службен весник на РСМ, бр. 30 од 5.02.2021 година), дополнува нови одредби за заштита на жртвите и механизми за интервенција.

- Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), кој ја утврдува финансиската поддршка на општините за обезбедување социјални услуги.

- Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр. 5 од 29.1.2002 година), кој ги регулира надлежностите на општините во областа на социјалната заштита.

- Изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа (Службен весник на РСМ, бр. 49 од 27.02.2022 година), со овие измени, се зајакнуваат надлежностите на локалните самоуправи во планирањето и спроведувањето на социјалните политики.

- Националната програма за развој на социјалната заштита (Службен весник на РМ, бр. 237/22), која ги дефинира националните приоритети за унапредување на социјалната заштита на граѓаните.

- Национална стратегија за социјална заштита 2025-2030 (усвоена во 2025 година), поставува нови приоритети и цели за развој на социјалната заштита, вклучувајќи и специјални мерки за интеграција на ранливите групи во општеството.

- Законот за вработување на лица со попреченост (Службен весник на РСМ, бр. 102 од 12.5.2020 година), кој овозможува поддршка и права за лицата со попреченост за нивна интеграција на пазарот на труд.

- Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на лица со попреченост (Службен весник на РСМ, бр. 214 од 20.10.2021 година), со кои се унапредуваат правата на лицата со попреченост и се зајакнуваат мерките за нивна интеграција на пазарот на труд.

- Правилник за социјални услуги (Службен весник на РСМ, бр. 86 од 10.05.2021 година), кој ги утврдува условите за реализација на социјалните услуги и стандардите за квалитет.

- Правилник за финансиска помош и поддршка на ранливите групи (Службен весник на РСМ, бр. 123 од 22.06.2022 година), кој дефинира начини на финансиска поддршка за лицата во социјален ризик.

Во согласност со овие закони и регулативи, Општина Битола, како и другите општини во Република Северна Македонија, е одговорна за организирање и обезбедување на социјалната, здравствената и детската заштита. Ова вклучува подготовка и спроведување на програми насочени кон лицата со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, лицата изложени на социјален ризик, жртвите на семејно насилство и други ранливи категории.

Програмата обезбедува и заштита преку превентивни активности, унапредување на

здравјето на граѓаните и заштита на здравјето на работниците. Сите овие активности се дел од интегрираниот пристап на Општина Битола за зголемување на социјалната инклузија и заштита на најранливите граѓани.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главната цел на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Битола е да предложи иновативни форми на социјална и здравствена грижа, како и да утврди приоритети за решавање на актуелните потреби на граѓаните, во согласност со законските овластувања. Оваа програма ги зема предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, девојчињата и момчињата, со цел да се обезбеди еднаков пристап до социјални услуги.

Програмата се темели на основните принципи на еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права, и директно придонесува кон имплементацијата на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во областа на социјалната заштита.

Локално развиената социјална заштита ќе обезбеди социјална помош и услуги за граѓаните кои не можат самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Ова подразбира организирање и развивање на форми на социјална помош насочени кон специфични целни групи на граѓани кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик. Целни групи кои ќе бидат опфатени со програмата вклучуваат сите граѓани од Општина Битола кои во своето живеење и делување биле зафатени или погодени од социјални ризици.

Основната цел на програмата за социјална заштита на територијата на Општина Битола е да им помогне на граѓаните во надминувањето на социјалните ризици на кои се изложени, а истовремено да ја зајакне мрежата на услуги во соработка со физички, правни лица и здруженија на граѓани. Општина Битола ќе продолжи да се ангажира активно во задоволување на потребите и интересите на граѓаните преку развој на интегрален, транспарентен и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни и квалитетни мерки и услуги, прилагодени на потребите на корисниците.

Социјалната политика на Општина Битола е насочена кон надминување на животните ризици, изедначување на животните можности и подигнување на општата благосостојба на граѓаните. Основните интервенции во социјалната политика вклучуваат парични и непарични бенефиции, услуги и социјални услуги регулирани со соодветни законски регулативи. Суштината на спроведувањето на мерките за социјална политика е остварување на социјалните права на граѓаните и учество во сите материјални и социјални достигнувања на општеството, со акцент на помагање на социјално исклучените граѓани.

Покрај директната помош на најранливите социјални групи, како што се: лица без сопствен приход, пензионери, семејства со самохран родител, лица со попреченост, Општина Битола од година во година ги зголемува инвестициите во социјалната инфраструктура. Ова вклучува вложувања во домување, капитални инвестиции во предучилишни установи, училишта, спортски објекти и здравствени установи, со цел да се постигнат позитивни ефекти на економската, здравствената и психосоцијалната стабилност на населението.

При спроведувањето на мерките за социјална политика, услугите се клучни инструменти кои треба да се развиваат во сите области и активности. На долг рок, тие најдобро ги задоволуваат потребите на најголемиот број корисници. Затоа, во текот на следниот период, Општина Битола ќе инсистира на понатамошен развој и подобрување на социјалните услуги, особено за најранливите социјални групи, преку реализација на мерките од Социјалната програма.

Со овие активности, Општина Битола стреми да создаде општество со инклузивна и поддржувачка средина, каде што секој поединец има можност за напредок и развој, независно од својата социјална и економска позадина.

## IV. ПРИОРИТЕТИ

Програмата за социјална заштита на Општина Битола поставува јасен фокус на активностите со цел остварување на

приоритетните цели во областа на социјалната заштита. Клучните приоритети вклучуваат:

- Финансиска поддршка: Обезбедување на финансиска помош за лица и семејства во потреба, со акцент на оние кои се соочуваат со исклучително тешки финансиски услови и недостаток на основни средства за живот.
- Заштита на стари лица: Програми и услуги за социјална заштита на постарите лица, вклучително и домашна помош, социјално вклучување и организирање на активности кои ја промовираат нивната активна улога во заедницата.
- Ран детски развој: Поддршка на програми и иницијативи за ранен развој на деца, со цел да се осигураат квалитетни образовни и воспитни услуги за деца од предучилишна возраст, особено за оние од ранливи групи.
- Социјална заштита на лица со попреченост: Обезбедување на специјализирани услуги и поддршка за лица со попреченост, вклучувајќи пристап до образовни ресурси, обука и интеграција во пазарот на труд.
- Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост: Развој на стратегии и програми за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, со посебен фокус на инклузија на маргинализираните групи и зајакнување на нивната социјална и економска позиција.

Социјалната заштита која се развива на локално ниво е клучна за обезбедување на социјална помош и услуги на граѓаните, особено во ситуации кога тие не можат самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност. Општина Битола се обврзува да им помогне на оние во исклучително тешка состојба, со цел да се создадат услови за подобар живот и општествена интеграција на сите граѓани.

## V. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активности и мерки кои ќе се реализираат во текот на 2025 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Општина Битола во областа на социјалната заштита. Програмата е насочена кон создавање ефективен систем на поддршка за сите граѓани, со посебен фокус на социјално ранливите категории, со цел да се подобрат нивните услови за живот и да се осигура нивна интеграција во општеството.

Во рамките на Програмата, планирани се активности за:

- Развој на социјални услуги - Унапредување и проширување на постоечките социјални услуги, како и воведување нови услуги што одговараат на специфичните потреби на ранливите групи, вклучувајќи лица со попреченост, стари лица и деца во ризик.
- Образовни и информативни иницијативи - Организирање работилници и кампањи за подигање на свеста за правата и услугите достапни во областа на социјалната заштита, со цел оснажување на граѓаните и подобрување на нивната самостојност.
- Поддршка на семејства во ризик - Програмата ќе се фокусира на помош за еднородителски семејства и семејства со ниски приходи, преку финансиски и материјални поддршки, како и советодавни услуги.
- Превенција на социјални проблеми - Иницијативи за превенција на семејно насилство, зависности и други социјални проблеми, со цел создавање на безбедно и поддржувачко опкружување за сите граѓани.
- Соработка со институции и организации - Вклучување на сите релевантни чинители, вклучувајќи невладини организации, локални иницијативи и други општествени актери, за заедничко решавање на социјалните предизвици.

Со реализацијата на активностите опфатени во оваа Програма, Општина Битола стреми кон создавање на праведен и инклузивен систем на социјална заштита, кој ќе ја подобри квалитетот на живот на сите граѓани и ќе ги задоволи нивните основни потреби.

## VI. СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Граѓаните на Општина Битола, како и различни категории на лица, се изложени на низа социјални ризици кои можат да влијаат на нивната добробит и квалитет на живот. Програмата за социјална заштита е дизајнирана да одговори на следните видови ризици:

- Ризици по здравјето: Овие ризици се поврзани со различни здравствени проблеми, вклучувајќи болести, повреди и попреченост. Граѓаните можат да се соочат со физички или ментални предизвици кои ги ограничуваат

нивните способности за учество во општеството и работниот процес.

- Ризици од стареење: Староста сама по себе носи социјални ризици, вклучително и недостаток на поддршка, општествена изолација и зголемени потреби за здравствени услуги. Овие ризици се особено актуелни за постарите лица кои живеат сами или без соодветна семејна грижа.

- Ризици по мајчинство и семејство: Мајките и семејствата се изложени на ризици како што се недостаток на финансиски ресурси, ограничен пристап до здравствена заштита и социјална поддршка. Овие предизвици можат да влијаат на благосостојбата на децата и на развојот на семејството.

- Ризици од невработеност и професионална неадаптираност: Невработеноста е значаен социјален ризик, кој не само што влијае на финансиската стабилност на поединците, туку и на нивната психолошка и социјална благосостојба. Професионалната неадаптираност, особено во контекст на брзо променливиот пазар на труд, може да доведе до дополнителни пречки за вработување.

- Ризици од неадаптираност кон социјалната средина: Лицата кои не успеваат да се прилагодат на општествените норми и вредности, можат да се соочат со социјална исклученост и изолација. Оваа неадаптираност може да биде резултат на различни фактори, вклучувајќи културни, економски и образовни бариери.

Оваа програма за социјална заштита ќе ги насочи напорите на Општина Битола кон намалување на овие ризици и подобрување на животните услови на сите граѓани, со фокус на најранливите категории на население.

## VII. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Системот на социјална заштита на Општина Битола се темели на принципите на социјална праведност и солидарност, со посебен акцент на заштитата на најранливите членови на општеството, вклучувајќи ги немоќните и лицата кои не можат да работат. Посебна грижа и заштита се посветуваат на семејствата и децата без родители или со недостаток на родителска грижа.

Вредностите и принципите кои ја водат Програмата за социјална заштита на Општина Битола се во согласност со универзалните човекови права и слободи, како што се утврдени во следниве документи:

- Универзалната декларација за човекови права
- Европската Конвенција за заштита на човековите права
- Конвенцијата за правата на детето
- Конвенцијата за правата на лицата со попреченост

Според тоа, основните вредности и принципи на програмата вклучуваат:

- Најдобри интереси на корисниците: Секое решение и активност во рамките на социјалната заштита се базирани на потребите и интересите на корисниците, со цел да се постигне нивна благосостојба и развој.
- Социјална праведност и солидарност: Програмата се залага за праведна распределба на ресурси и услуги, како и за создавање на општество кое е инклузивно и солидарно кон сите.
- Достапност на услугите за корисниците: Обезбедување на лесен и рамноправен пристап до сите услуги за социјална заштита, независно од социјалниот статус, економската ситуација или географската локација.
- Заштита на немоќните: Програмата акцентира на важноста на поддршката за оние кои не можат да се заштитат сами, со цел да се избегне социјална исклученост.
- Учество и одговорност на учесниците: Вклучување на корисниците во процесите на одлучување и планирање на социјалните услуги, со акцент на транспарентност и одговорност на сите учесници во системот.
- Грижа и заштита на семејствата: Програмата е насочена кон поддршка на семејствата во нивните различни форми, особено на оние во ризик, како и на децата без родителска грижа, со цел да се обезбеди стабилна и безбедна средина.
- Родова сензитивност: Програмата има за цел да ја подобри положбата на жените и мажите во социјалната заштита, со посебен акцент на родовата еднаквост и спречување на родовата дискриминација.
- Континуитет на заштита: Обезбедување на континуирана и интегрирана поддршка за корисниците на социјална заштита, со цел да

се одговори на променливите потреби во текот на времето.

## VIII. УЛОГА НА СОВЕТ, ГРАДОНАЧАЛНИК И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПРИ РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Советот на Општина Битола ја усвојува оваа Програма со цел да воспостави транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем кој ќе ги опфати мерките и средствата потребни за задоволување на потребите на корисниците на социјалната заштита во општината. Со реализацијата на оваа Програма, се стремиме да ги унапредиме условите за живот на ранливите категории граѓани, да им овозможиме поголема инклузија во општеството и да излеземе во пресрет на нивните барања и потреби.

Локалната самоуправа, во рамките на своите надлежности, игра клучна улога во здравственото воспитување, унапредувањето на здравјето, спроведувањето на превентивни активности и надзорот над заразни болести, согласно со законските одредби. Планирањето на социјалната заштита на локално ниво, исто така, вклучува можности за меѓуопштинска соработка, со цел основање на заеднички јавни установи во областа на социјалната и детската заштита.

Градоначалникот и Советот на Општина Битола се посветени на зголемување на финансиските средства и вложување на максимални напори за задоволување на потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, ромските деца, како и семејствата настрадани од елементарни непогоди. Поради тоа, особено внимание ќе се посвети на зголемување на капацитетите за згрижување на деца до предучилишна возраст во детските градинки во Битола.

Програмата е изготвена врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа и ќе биде предадена на усвојување на Советот на Општина Битола. Оваа иницијатива не само што е одговор на актуелните потреби на населението, туку и основа за создавање на поинклузивно општество во кое секој поединец ќе може да се чувствува сигурно и поддржано.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата од Буџетот на Општина Битола, предвидени за 2025 година, специјално определени за реализација на социјалните услуги. Дополнително, финансирањето ќе биде обезбедено и преку различни форми на поддршка и соработка од:

- Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија - како клучен партнер за координација на социјалните програми и иницијативи на национално ниво.
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица - кои можат да придонесат со средства, ресурси или услуги во согласност со своите општествени одговорности и интереси.
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство - вклучувајќи меѓународни организации, донаторски агенции и невладини организации, кои можат да обезбедат финансиска и техничка поддршка.
- Други извори на финансирање - вклучувајќи грантови, донации и средства од проекти за социјална инклузија и развој.

Содржините и активностите предвидени во оваа Програма ќе бидат финансирани преку посебна ставка во Буџетот на Општина Битола, што ќе овозможи транспарентно и ефикасно управување со ресурсите, како и следење на имплементацијата на планираните активности. Општина Битола е посветена на создавање на одржливи финансиски механизми, кои ќе ги поддржат целите на социјалната заштита и ќе обезбедат соодветни услуги за сите граѓани, особено за оние во социјален ризик.

## X. АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА БИТОЛА 2025 ГОДИНА

Во 2025 година, активностите на Општина Битола во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите

на оваа програма. Фокусот ќе биде на следните клучни области:

- Поддршка на социјално загрозени семејства: Развивање на механизми за финансиска и материјална помош за семејства во економска криза, со акцент на одржливи решенија.

- Поддршка на социјално маргинализирани групи: Овозможување на специјализирани услуги за лица од ранливи категории, вклучувајќи Роми и лица со попреченост.

- Создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица: Иновативни пристапи за згрижување и поддршка на деца во ризик, со акцент на интеграција во заедницата и пристап до образовни ресурси.

- Помош за лица погодени од несреќи и непогоди: Развивање на механизми за брза интервенција и помош за жртви на природни катастрофи и несреќи.

- Промовирање на родовата рамноправност: Имплементација на образовни и свесни програми за родова равноправност, со цел зголемување на свеста и намалување на дискриминацијата.

- Грижа за старите лица: Обезбедување на услуги за поддршка, здравствена нега и социјална интеракција за постарите лица, со акцент на нивната автономија и достоинство.

- Помош на лица – жртви на семејно насилство: Обезбедување на специјализирана поддршка, консултации и безбедни простори за жртвите на семејно насилство, со акцент на превенција и заштита.

- Вклучување во партнерски проекти со повисоки нивоа на власт и граѓански организации: Овозможување на соработка со национални и меѓународни организации за развој на програми и проекти кои ќе ја подобрат социјалната заштита.

Активностите предвидени во оваа програма се организирани во пет основни ставки:

1. Финансиска поддршка и помош: Обезбедување на средства за итна помош и поддршка на семејства во криза.

2. Образовни и едукативни програми: Имплементација на програми за подигнување на свеста и едукација на населението за важноста на социјалната заштита.

3. Развој на социјални услуги: Унапредување на постојните социјални услуги и создавање на нови, иновативни форми на помош.

4. Поддршка за интеграција на ранливи групи: Програми за вклучување на социјално маргинализираните лица во општеството преку работа, обука и образовни активности.

5. Следење и проценка на реализираните активности: Успоставување на систем за мониторинг на спроведените активности и нивното влијание на целната група, со цел постојано подобрување на услугите.

Со оваа програма, Општина Битола се обврзува да одговори на потребите на своите граѓани и да создаде услови за подобрување на квалитетот на живот за сите, особено за оние кои се најзагрозени.

Програмските активности за социјална заштита ќе ги реализира Општина Битола во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Центрите за социјална работа, со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните.

## XI. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Општина Битола ќе реализира и поддржи дополнителни форми на активности со средства од својот Буџет, со цел унапредување на социјалната заштита и зголемување на добробитта на своите граѓани. Овие активности ќе вклучуваат:

- Обезбедување стручна, техничка и логистичка поддршка: Општината ќе ангажира соодветни професионалци и експерти, како и ќе обезбеди неопходна опрема за поддршка на различни социјални иницијативи.

- Организирање протоколарни средби и настани: Општината ќе организира настани за воспоставување и јакнење на соработката со потенцијални донатори, невладини организации и други партнери кои работат во областа на социјалната заштита. Овие средби ќе служат за размена на идеи, создавање нови проекти и подобрување на постоечките иницијативи.

- Иновации и развој на нови програми: Општина Битола ќе иницира нови програми и проекти кои ќе бидат насочени кон решавање на специфичните потреби на ранливите категории граѓани, со цел да се обезбедат инклузивни и ефективни решенија.

- Подигање на свеста и информирање на јавноста: Преку организирање на кампањи, семинари и работилници, Општината ќе

работи на подигање на свеста за важноста на социјалната заштита и правата на граѓаните.

Овие форми на активности ќе се реализираат во согласност со капацитетите и ресурсите на Општина Битола, со цел максимално да се задоволат потребите на заедницата и да се унапреди квалитетот на живот на сите граѓани.

**XII.**

**XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Битола ќе го следи спроведувањето на оваа Програма преку редовно мониторирање и евалуација на постигнатите резултати, обезбедувајќи транспарентност во остварувањето на целите и активностите. Со цел подобрување на ефикасноста, ќе се покренуваат иницијативи, ќе се даваат мислења и предлози во врска со идентификуваните потреби и можности за унапредување на услугите во социјалната заштита.

Дополнително, посебен акцент ќе се стави на прибирањето и анализата на родови статистики во текот на реализацијата на програмата. Овие податоци ќе служат како основа за идни активности насочени кон родово одговорно буџетирање, кое ќе овозможи порамномерна распределба на ресурсите, со цел да се постигне поголема родова еднаквост и социјална правда.

Општината ќе обезбеди редовни извештаи за напредокот и ќе осигури вклученост на сите релевантни засегнати страни во процесот на донесување одлуки, со цел долгорочна одржливост на резултатите и подобрување на квалитетот на социјалните услуги на локално ниво.

Програмата е отворена за редовни евалуации и ревизии, доколку тоа се покаже како потребно, со цел да се постигне поуспешна и поефикасна реализација на зацртаните активности.

Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

# XIV. АКЦИОНЕН ПЛАН

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД) | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доделување на парична помош | | | | | | |
| 1.1. | Еднократна парична помош на физички лица | Градоначалник, Комисија за финансии и буџет | Еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик, жртви на семејно насилство, лица со попреченост, ученици за одредено научно достигнување, лица кои имаат медицински режим на исхрана, Помош на семејства погодени од елементарни непогоди, Помош на семејства за лекување, поддршка на згрижувачки семејства | Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата | 2025 | 4.000.000,00 ден | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 2 | Ран детски развој | | | | | | |
| 2.1. | Зголемување на капацитетите на детските градинки | Општина Битола, Одделенеи за комунални дејности, МТСП, Светска банка | Опремување Детска градинка Мајчин дом<br>Изградба на градинка во АРМ | Згрижување на поголем број на деца во детски градинки | 2025 | 500.000,00 ден Програма за комунални дејности | Број на зголемен капацитет по деца во детските градинки, број на ангажирани лица |
| 2.2. | Партиципација детски градинки | Општина Битола, Градинките | Согласно член 53 од Законот за заштита на деца МТСП донесе правилник за критериуми за остварување на право на партиципација но Општина Битола тоа го проширува и на други категории на деца | Згрижување на деца од загрозени семејства во детските градинки, Згрижување на деца од родители жртви на семејно насилство во детските градинки, Згрижување на деца на лица со попреченост во детските градинки | 2025 | 600.000,00 ден | Број на згрижени деца од загрозени семејства во детските градинки |
| 2.3. | Инклузија деца Роми | Општина Битола , МТСП | Со проектите за инклузија на ромските деца од социјално загрозените семејства во детските градинки во Битола, Општината обезбедува финансиски средства за нивни превоз и месечен надоместок за градинка. | Целта е нивно вклучување во воспитно образовниот процес и социјализација со другите деца, стекнување здрава навики, згрижување на овие деца и олеснување на нивната адаптација пред да започнат со редовно школување. | 2025 | 500.000,00 ден | Број на деца Роми вклучени во процесот на инклузија, број на Здруженија на граѓани вклучени во процесот |
| 2.4. | Обезбеден превоз на деца со попреченост до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев | Општина Битола | Финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев/ посебна паралелка | Преку програма за образование | 2025 | Преку програма за образование | Број на лица вклучени |
| 2.5. | Обезбеден превоз на деца со попреченост до и од Центар за поддршка на учењето на децата со попреченост во во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ | Општина Битола | Финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев и Ресурсен центар Кочо Рацин/ третмани | Олеснет пристап на деца со со попреченост до услуги | 2025 | Преку програма за образование | Број на лица вклучени |
| 2.6. | Еднократна парична помош за прваоодeленци | Општина Битола | Еднократна парична помош е во износ од 3.000,00 денари нето износ по дете, на семејства кои запишале дете во прво одделение во Општинските основни училишта . | Намалување на финансискиот товар на родителите кои имаат првоооделенци | 2025 | Во програма за образование | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 2.7. | Поддршка на талентирани деца ученици | Општина Битола | Поддршка на талентирани деца ученици врз основа на успех – просек и натпревари | Признавање на нивните напори | 2025 | Во програма за образование | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 3 | Социјална заштита на лица со попреченост | | | | | | |
| 3.1. | Одржливост Регионален ресурсен центар за слепи лица | Општина Битола | Центарот е формиран со поддршка на УНДП и 5 те општини.За отварање на центарот и негово функционирање изготвен е елаборат според кој на годишно ниво потребни средства за функционирање се | Трансфер на Центар за слепи лица | 2025 | 60.000,00 ден | Број на лица кои го посетуваат, ги користат услугите и број на лица кои ги обезбедуваат услугите |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1.500.000 ден од кои МТСП ќе обезбеди 1.000.000 ден . а општините според Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе финансираат со 2% од буџетот за финансирање на Здруженија на граѓани и фондации | | | | |
| 3.2. | Користење на јавниот градски превоз за лица со посебни потреби | Општина Битола | Набавка на ваучери за користење на јавен градски превоз за лица со посебни потреби | Користење на јавниот градски превоз за лица со посебни потреби | 2025 | 10.000,00 ден | Број на изготвени картици за лица кои користат бесплатен јавен превоз, број на превозници вклучени во процесот |
| 3.3. | Општинско корисна работа | УНДП општина | Воспитно образована дејност за деца со попреченост преку обезбедување лични асистенти во наставно воспитниот процес и/ или образовни асистенти, фасцилитатори за работа со деца од ранливи групи во Инклузивен центар за деца од ранливи групи во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“, негователи и воспитувачи во градинки и обезбедување негователи на стари лица во геријатриска установа, обука на едукатори кои работат со ромски деца и изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, толкувачи на знаковен јазик 1.500.000,00 Општина, 2.000.000,00 УНДП (20 лица 80% финансирани од УНДП и 20% Општина Битола и 10 лица финансирани од Општина Битола) | Ангажирање на 0бразовни асистенти во средни училишта каде има потреба, зголемување на бројот на лични асистенти на ученици, ангажирање на негователки во градинки и негователи на стари лица во геријатриска установа, едукатори кои работат со ромски деца и изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, толкувачи на знаковен јазик | 2025 | 3.500.000,00 ден | Број на деца со попреченост вклучени во редовен образовен процес, број на образовни и лични асистенти вклучени, број на негователи вклучени |
| 3.4. | Јавни работи | Општина Битола, Јавните претпријатија | Ангажирање на дополнителен број на извршители во Јавните претпријатија основани од Општината кои би биле ангажирани за наведените активности и доставувачи на решенија за данок на имот | Со овој проект се планира да бидат работно ангажирани околу 25 - 30 небработени лица со ниско и средно образование во период од 4 месеци. | 2025 | 1.960.000,00 ден | Број на лица вклучени |
| 3.5. | Инфраструктура за лица со попреченост | Одделение за ЛЕР и ЈП за просторно планирање изработка на проектна документација, Одделение за комунални дејности | Мапирање на функционалната пристапност и приспособување на објекти, Изработка на проектна документација, Изградба на пристапни рампи | Со цел да се подобри животот на лицата со оштетен вид, слух, лица со телесна попреченост, Општина Битола ќе помогне во прилагодување на постоечка инфраструктура и покрене иницијатива за отпочнување на постапка за изградна на нова инфраструктура во рамките на финансиските можности . во програма на одделение комунални дејности | 2025 | Одд. за комунални дејности | Изготвен план на објекти за кои е потребно приспособување, Ирзботена проектна документација, Број на објекти кои добиле притапна рампа |
| 3.6. | Обука на лични асистенти за лица со попреченост | Општина Битола | Општина Битола во соработка лиценцирани обучувачи ќе оствари Обука за 15 лични асистенти на лица со попреченост преку едукација на 30 асистенти | Со сертифицирање од обуката лицата се вработени со договор на дело и се исплаќа сатница во соработка со МТСП | 2025 | 300.000,00 ден | Лица со попреченост на ниво на општина Битола<br>Број на обучени лица за лични асистенти |
| 3.7. | Обука на негователи за помош и нега во домот на стари лица | Општина Битола | Општина Битола во соработка со лиценцирани обучувачи ќе оствари Обука за негователи за помош и нега во домот на стари лица преку едукација на 30 негуватели | Со сертифицирање од обуката лицата се вработени со договор на дело и се исплаќа сатница во соработка со МТСП | 2025 | 300.000,00 ден | Стари и изнемоштени лица на ниво на општина Битола<br>Број на обучени лица за негователи |
| 3.8. | Итно копче - алармни алки | Општина Битола, Црвен крст | Итно копче е нова услуга која е достапна 24/7, а лицата ќе може да побараат помош преку притискање на само едно копче. Корисникот на аларм- | Услугата Итно копче на корисниците им нуди:<br>24/7 поддршка секогаш кога ќе се најде во состојба за која е потребна итност; | 2025 | 876.000,00 ден | Број на купени уреди<br>Број на корисници |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | уредот има само обврска да го притисне копчето на уредот и да почекаат повик од страна на операторот од контакт центарот на Итно копче. По воспоставување на контакт со корисникот, корисникот ги споделува информациите за тегобите со кои се соочува, а обученото лице/оператор му дава понатамошни насоки, а по потреба се испраќа тим за прва помош во нивниот дом. Доколку има потреба се обезбедува транспорт до соодветната установа/институција. | Обучени и пријателски лица кои се грижат за вашата добросостојба; Прва помош и прва психолошка помош; Бесплатно одржување на уредот во случај на технички дефект; Дневна техничка поддршка на аларм-уредите; Транспорт до соодветната здраствена установа со посебни возила. | | | Број лица кои ќе бидат даватели на услугата |
| 3.9. | Обука за знаковен јазик | Општина Битола, ЗГ | Општина Битола во соработка со Здруженијата на граѓани ќе оствари Обука за знаковен јазик преку едукација на лица | Со оваа активност ќе се зголеми бројот на лица кои го познаваат знаковниот јазик со што ќе можат да бидат ангажирани како толкувачи | 2025 | 200.000,00 ден | Број на лица вклучени |
| 3.10. | Адаптација на физичка пристапност за лица со попреченост во домот на лицата | Општина Битола | Финансиска поддршка на лица со попреченост со цел адаптација на физичката пристапност во нивниот дом преку покривање на дел или целосно на трошоците за адаптација како и опрема адаптирана за лица со попреченост | Пристапни домови за лица со физичка попреченост | 2025 | 500.000,00 ден | Број на лица кои добиле поддршка за адаптација |
| 4 | Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост | | | | | | |
| 4.1. | Домување за жртви на семејно насилство | Општина Битола | Помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство | Финансиска поддршка одд 5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за изнајмување на место за живеење во период од 12 месеци откако ќе го напушти шелтер центарот | 2025 | ЕМ | Број на лица кои користат фин подршка за домување |
| 4.2. | Социјален погреб | Општина Битола | Согласно член 35 од Законот за гробишта и погребални услуги , доколку умреното лице било корисник на постојана парична помош и нема семејство , трошоците за истиот се на товар на општината. Според податоците на Центарот за социјални работи на територијата на Општина Битола има 100 потенцијални корисници на постојана парична помош | Покривање на трошоци за погреб на социјално загрозени лица и лица без семејство | 2025 | 100.000,00 ден | Обезбедени услуги |
| 4.3. | Згрижување на бездомни лица и лица во ризик, интервентно сместување | Општина Битола во соработка со Црвен крст и ЦСР | Интервентно згрижување на бездомни лица и лица во ризик кои што поради непредвидени причини, елементарни непогоди, пожар и слично останале без дом | Згрижување на бездомници во период на студен бран, згрижување на лица, семејства, вклучително и деца кои што се во ризик – привремен дом | 2025 | 700.000,00 ден | Број на лица згрижени |
| 4.4. | Помош на лица со ретки болести за патни трошоци до болница надвор од Битола и потреби | Општина Битола | Поддршка за лица со ретки болести | Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата | 2025 | 1.000.000,00 ден | Број на лица вклучени |
| 4.5. | Студентска пракса | Општина Битола, Универзитет | Студенти практиканти ангажирани во ОБ и ЈП | Ангажирање на 30 студенти во период од еден месец секој во ОБ и ЈП, | 2025 | Програма за млади и спорт | Број на лица вклучени |
| 4.6. | Поддршка на активностите на Советот за превенција на детско престапништво, за социјална заштита, за превенција, за безбедност на сообраќајот на патиштата, за заштита на | Општина Битола, Совети за превенција на детско престапништво, за социјална заштита, за превенција, за безбедност на сообраќајот на патиштата, за | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на ОСПДП | Зголемување на обемот и квалитетот на активности во реализација на Советите, Подобрување на капацитетите на советите, Зголемена активност на ЗГ | 2025 | 400.000,00 ден | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | потрошувачи, волонтерски совет, ЛЕСС, женско претприемништво | заштита на потрошувачи | | | | | |
| 4.7. | Поддршка за волонтерски акции | Општина Битола, Советот на волонтери | Финансиска, материјална поддршка при реализирање на активности на Советот на волонтери | Зголемување на обемот и квалитетот на волонтерски активности, Реализирање на волонтерски акции | 2025 | 300.000,00 ден | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 4.8. | Карти за лица со попреченост за културни настани | Општина Битола, Дом на култура, Театар, КИЦ | Бесплатен влез на културни манифестации за лица со попреченост | Зголемено учество на лица со попреченост во културни текови | 2025 | 0.00 | Број на лица вклучени |
| 4.9. | Изработка на социјален план на Општина Битола за период 2025 - 2029 | Општина Битола, зг, консултант | Изработка на социјален план на Општина Битола за период 2025 - 2029 за да се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања | Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Советот за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, кој што ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа. Документот дава преглед на досегашните достигнувања и ресурси и поставува цели и приоритети во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во периодот од 2025 до 2029 година. | 2025 | 300.000,00 ден | Број на лица вклучени |
| 4.10. | Инклузија на лица со попреченост во спортски настани | Општина Битола | Активности во насока на зголемување на учество на лица со попреченост во спортски настани | Преку програма за млади и спорт финансиска поддршка на спортски клубови кои организираат активности/ и/ или вклучуваат лица со попреченост | 2025 | Програма за млади и спорт | Број на лица вклучени |
| | | | **ВКУПНО** | | | **16.106.000,00 ден** | |

# XV. ПРИЛОГ 1

| Шифра | | |
|---|---|---|
| 471 110 | Субвенции и трансфери | Износ 2024 |
| | Еднократна парична помош на физички лица | 4.000.000,00 ден |
| | Вкупно | 4.000.000,00 ден |
| 425 920 | Картички за лица со попреченост | 10.000,00 ден |
| | Вкупно | 10.000,00 ден |
| 425 990 | Инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата | 500.000,00 ден |
| | ОКР Л5 - образовни асистенти во средно, толкувач на знаковен јазик, негователи и воспитувачи во градинки, обезбедување негователи на стари лица во геријатриска установа, едукатори кои работат со ромски деца, изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, фасцилитатори во дневен престој за деца од ранливи групи | 1.500.000,00 ден |
| | Јавни дејности | 1.800.000,00 ден |
| | Вкупно | 3.800.000,00 ден |
| 464 990 | Опремување Детска градинка Мајчин дом | 500.000,00 ден |
| | Партиципација детски градинки | 600.000,00 ден |
| | Помош на лица со ретки болести за патни трошоци до болница надвор од Битола и потреби | 1.000.000,00 ден |
| | Инклузија деца Роми | 500.000,00 ден |
| | Трансфер Центар за слепи лица | 60.000,00 ден |
| | Социјален погреб | 100.000,00 ден |
| | Згрижување на бездомници | 700.000,00 ден |
| | Обука за знаковен јазик | 200.000,00 ден |
| | Обука на негователи за помош и нега во домот на стари лица | 300.000,00 ден |
| | Итно копче - алармни алки | 876.000,00 ден |
| | Обука на лични асистенти за лица со попреченост | 300.000,00 ден |
| | Вкупно | 5.136.000,00 ден |
| 463 110 | Поддршка на активностите на Советот за превенција на детско престапништво, за социјална заштита, за превенција, за безбедност на сообраќајот на патиштата, за заштита на потрошувачи, волонтерски совет, ЛЕСС, женско претприемништво | 400.000,00 ден |
| | Поддршка за волонтерски акции | 300.000,00 ден |
| | Вкупно | 700.000,00 ден |
| 425 970 | Изработка на социјален план на Општина Битола за период 2025 - 2030 | 300.000,00 ден |
| | Вкупно | 300.000,00 ден |
| | ВКУПНО | 13.946.000,00 ден |

| Реден број | Шифра | Донаторски сметки | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 742 111 | -Приходи од УНДП | **2.000.000,00** |
| | | | **L5 2000000** |
| 2 | Буџет на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија | Работно ангажирање – Јавни работи | **160.000,00** |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025 година

Се објавува Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/12  
26.12.2024 год.  
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК  
на Општината Битола,  
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за активностите во областа на спортот и младите во општина Битола за 2025 година

### Вовед

Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење на здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите луѓе.

Нашата визија е да се унапреди родовата рамноправност во спортот како на локално така и на државно ниво. Сметаме дека во блиска иднина Општина Битола во своите програми, стратегии како и преку низа други мерки треба да овозможи подеднакво вклучување на женските спортисти исто како и машките спортисти и да се создадат оптимални услови за спортување како на едните така и на другите. Потребно е постојано да се следат и идентификуваат можностите за влијаење на политиките на локално и национално ниво, подготвување на препораки за надминување на родовата дискриминација во спортот и подобрување на домашната законска легислатива и стратешките документи.

Меѓу нашите цели исто така се и воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите и институционален развој за прашањата поврзани со нив при што се продлабочува начинот на вклучување на младите во локалната заедница.

### Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025г. е направена врз основа на основните одредби од Законот за спорт, Законот за младинско учество и младински политики и Законот за локална самоуправа. Во областа на спортот надлежностите на општините во смисла на овој закон, се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби;
- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;

- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување;

- поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините;

- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање, искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општината, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

Спортот е дел и од Уставот каде во член 47 став 5 се вели „ Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот“, следствено на тоа спортот треба да биде непроменлив сегмент од развојот на секоја генерација.

Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025 е направена и врз основа на Законот за младинско учество и младински политики. Цел на овој закон е да обезбеди:

- креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите;

- зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога;

- промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики;

- поддршка и унапредување на младинското организирање;

- поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво;

- поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и

- поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите.

**Цели на програмата**

Главни цели на програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025г. е афирмирање на Општина Битола како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот и младите ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Младите голем дел од своето време го поминуваат гледајќи телевизија или пред компјутер, каде несвесно се подложени на делување кое доведува до негативен одраз врз повеќе сегменти од нивниот живот. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и нивно образување кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности односно спорт за сите ќе придонесат поголема масовност и можност на граѓаните за учество и стекнување на основните спортски вештини како што се моториката, спортското здравје итн.

Преку организирањето на систем на натпревари и други спортски манифестации ќе се создаваат услови за настапи во земјата и во странство на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи како и развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост и пречки во развојот.

Општина Битола преку поддршка на вакви спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на можностите и потенцијалите на општината.

**Методологија**

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови/здруженија и националните спортски федерации. Спортски манифестации можат да организираат и други правни лица

што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со Законот за спорт.

Вреднувањето на доставените програми се одредува врз основа на:

- остварени спортски резултати ( клубови кои што се натпреваруваат во највисоките лиги на натпревари или клубови кои што имаат индивидуални спортисти со остварен висок пласман: прво, второ или трето место на официјалните Европски и Светски Првенства )
- број на учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и проекти
- број на жени кои се вклучено во спортските активности
- број на лица со посебни потреби кои се вклучени во спортските активности
- број на земји учеснички
- манифестацијата да е во календарот на спортската федерација
- манифестацијата да е во календарот на меѓународната спортска асоцијација, со статус и категорија на меѓународен натпревар и сл.

Вредности и принципи на програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола за 2025

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025г. се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на спортот како и континуирано создавање услови за спортување.

**Развој** - континуирана поддршка на спортските клубови/здруженија за реализација на програмите и проектите и создавање на можности за омасовување на спортот и зголемување на бројот на спортисти кои се занимаваат со спортски активности на сите нивоа како и унапредување на инфраструктурните капацитети за подобрување на условите за тренинг.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Еднаков третман** - општина Битола во својата Програма почитува еднаков третман на сите чинители. Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата како и лицата со посебни потреби имаат еднакви можности и достапност за спортување и рекреација до сите спортски објекти.

**Пристапност до објектите за спорт** - општина Битола на спортистите им овозможува користење на спортските сали за спортски тренинзи без надомест и тоа во професионалниот спорт кај оние кои што се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги, а кај аматерскиот спорт на спортски клубови/здруженија кај кои поединци имаат остварено највисоки спортски резултати од официјални Европски и Светски Првенства (I, II III место) и тоа признати од националните спортски федерации во континуитет од неколку години.

**Промоција** - спроведување кампања за промоција на спортот помеѓу младите луѓе како фактор за здрав и квалитетен живот. Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време.

## Активности за реализација на Програма за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола 2025 година

Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола со вкупна вредност 70.000.000 денари од Општина Битола.

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2025 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во пет основни ставки, како што следува:

Програмата за активностите во областа на спортот се состои од активности за :

- Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Битола.

Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови и индивидуални спортисти регистрирани на подрачјето на Општина Битола преку објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на спортски здруженија и спортисти, а средствата ќе се доделуваат согласно Методологија за определување на критериуми за доделување на финасиска помош на спортски здруженија и индивидуални спортисти од буџетот на Општина Битола.

- Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.

Во насока на унапредување на училишниот спорт општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола како и универзитетскиот спорт.

- Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.

Општина Битола ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби во општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

- Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на општина Битола.

Општина Битола ќе ги финансира манифестациите од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот

- Поддршка на дополнителни програми и проекти на останати спортски организации и спортски друштва кои се од интерес на Општина Битола.

Општина Битола ќе ги поддржува професионалните акционерски друштва кои ја претставуваат општината на меѓународната спортска сцена, спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби, женски спортски здруженија како и спортски здруженија/клубови кои се натпреваруваат во колективни спортови во државните лига натпревари.

Носители на мерките предвидени во Програмата се општина Битола, Министерството за спорт, Министерство за образование и наука, Владата, единиците на локална самоуправа, спортски федерации, МОК, Факултет за физичко образование,спорт и здравје, образовни институции, граѓански организации, бизнис сектор.

# Акционен план

| Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈАВЕН ПОВИК | | | | | | |
| Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови/ здруженија регистрирани на подрачјето на општина Битола | Општина Битола Комисија за млади и спорт Комисија за финансии и буџет | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола за спортски клубови/здруженија. Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската администрација Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на матичните национални федерации во која членува. | Општина Битола обезбедува финансиска поддршка за реализација на програмите на спортските клубови/здруженија.Подносителот на програмата треба да достави:<br>- програма или проект за активностите во областа на спортот кои што ги планираат да ги остварат во тековната година<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година ( пропратна документација за потрошените средства)<br>- финансиски план и динамичен план за користење на средствата<br>- спортскиот клуб/здружение треба да биде регистриран согласно Законот на здруженија (тековна состојба не постара од 6 шест месеци)<br>- бројот на спортисти и спортски екипи кои што ќе настапат согласно програмата<br>- доказ дека активно учествува во натпреварувањата кои се организирани од програмите на соодветните спортските федерации при Агенцијата за млади и спорт согласно Законските регулативи.<br>- здружението да биде со седиште во општина Битола | 2025 | 2.000.000,00 ден | Број на спортски клубови/здруженија кои што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати и нивното рангирање во матичните федерации во АМС |
| Општина Битола ќе ги поддржува и индивидуалните спортисти кои со своите резултати достојно ја претставуваат општината на репрезентативно ниво | Општина Битола Комисија за млади и спорт Комисија за финансии и буџет | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола за индивидуални спортисти. Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската администрација Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на клубовите дека е член на истиот. | Општина Битола обезбедува поддршка за постигнатите спортски резултати на индивидуалните спортисти. Право на финансиски средства (стипендија) имаат:<br>- секој ученик или ученичка жител или жителка на Општина Битола<br>-редовен или вонреден ученик или ученичка во средно училиште на подрачјето на Општина Битола<br>-активен спортист/ка, член/ка на спортски клуб од подрачјето на Општина Битола регистриран во матичната национална спортска федерација<br>-репрезентативци во индивидуални спортови<br>-репрезентативци во екипни спортови<br>-високи спортски резултати во претходната 2020 година и во 2021 година се до завршувањето на Јавниот повик | 2025 | 1.000.000,00 ден | Број на спортисти кои што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати на репрезентативно ниво<br>Број на жени/девојки со постигнати спортски резултати |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | | | | | | |
| Традиционални манифестации | Општина Битола Комисија за спорт и малди при Советот Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општина Битола ќе ги финансира спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на континуитетот на вакви манифестации за кои има интерес од страна на граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во општината. | Организаторот на спортската манифестација кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:<br>- програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- организационен одбор на манифестацијата<br>- спортисти,спортски екипи кои ќе настапат<br>- број на лица со посебни потреби вклучени во манифестацијата<br>- број на жени вклучени во манифестацијата<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година | 2025 | 1.150.000,00 ден | Број на реализирани манифестации Број на вклучени лица,број на вклучени жени и број на лица со посебни потреби |
| Манифестации од особен интерес | | | | | 100.000,00 ден | |
| Хуманитарни манифестации | | | | | 100.000,00 ден | |
| УЧИЛИШЕН СПОРТ | | | | | | |
| Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола | Општина Битола, Општински сојуз на училишни спортови | Општина Битола ќе продолжи да ги финансира општинските Училишни Лиги кои се формираат со единствена цел за масовност и поголема застапеност на ученици во лигите кои предходно не се занимавале активно со спорт и со посебен акцент за вклучување на ученици од пониските одделенија и класови. | Училишните лиги ќе придонесат за зголемување на процентот на деца кои ќе се занимаваат со спорт во иднина. Училишните лиги ќе ги организираат директорите на основните и средните училиштата во соработка со општината. | 2025 | 750.000,00 ден | Број на училишни спортски клубови, број на вклучени деца кои не се занимаваат со спорт, број на женски деца, број на деца со посебни потреби |
| Општина Битола ќе ја финансира и Програмата на Општинскиот сојуз на училишен спорт која е во согласност со Програмата на Федерацијата на училишен спорт и истата е од натпреварувачки карактер | Општина Битола, Општински сојуз на училишни спортови, Федерација на училишен спорт | Програма претставува збогатување и унапредување на постоечкиот класичен систем на натпревари преку организирање на зонско–меѓузонски, регионални и државни лиги во повеќе спортови од спортските игри, каде основните и средните училишта, преку нивните училишни спортски клубови ќе се вклучат со поголем број ученици во континуиран тренажен процес и зголемен број на натпревари во лиги организирани на три нивоа во текот на целата учебна година. | Основна цел е да се унапреди училишниот спорт со зголемување на бројот на ученици во спортските активности и системот на натпревари. Реализацијата на проектот ќе биде во функција на забрзан развој на системот училишен спорт и целокупниот спорт во нашата држава. | 2025 | 750.000,00 ден | Квалитативно системско зајакнување на училишниот спорт<br>Степен на рангирање на училишните спортски клубови на државно ниво |
| Општина Битола ќе го финансира и Универзитетскиот спорт | Општина Битола, Универзитетска спортска федерација на Македонија | Општина Битола ќе воспостави национален спортски систем на универзитетите и факултетите како и организирање на спортско-рекретаивни активности на студентите | Преку поддршка на Програмата на Универзитетската спортска федерација на Македонија ќе се придонесе омасовување на универзитетскиот спорт и грижа за спортистите - студенти | 2025 | 300.000,00 ден | Број на студенти кои ќе земат учество на меѓу универзитетските лига натпревари на ниво на државата;<br>база за организација и релизација на Прв и Втор степен на натревари на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | студените кои студираат на постојните ( 12 универзитети) кои организираат систем на натпревари со опфат на студентите од сите години на студии; |
| ПРОФЕСИОНАЛЕН СПОРТ | | | | | | |
| Општина Битола во насока на унапредување на спортот ќе ги поддржува и финансира професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола | Општина Битола Комисијата за спорт и млади при Советот Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Финансиска поддршка на програмите на професионалните акционерски друштва и спортски здруженија во кои општината Битола има капитал: ФК Пелистер АД Битола, РК Еурофарм Пелистер АД Битола, КК Пелистер АД Битола. Препорака:Финансиските средства треба да се распределуваат согласно унапредувањето на родовата еднаквост односно еднаквите можности на мажите и жените. | Со поддршката на професионалните спортски клубови – акционерски друштва им се помага во разрешување на финансиските тешкотии со што ќе понудат соработка и да привлечат голем број компании кои ќе вложуваат. Оваа мерка ќе се придонесе следење на европските и светските искуства каде што најголем број на клубови функционираат како акционерски друштва, регулирање и утврдување на сопственоста и сопственичката структура на клубовите, привлекување на повеќе спонзори и приватни компании кои ќе инвестираат во спортските клубови. | 2025 | 52.416.667,00 ден | Степен на рангирање во првенствените лиги на спортските федерации Број на меѓународни натпревари |
| ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ | | | | | | |
| Женски спортски клубови/здруженија | Општина Битола Комисија за споер и млади Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општината ќе го поддржува и женскиот колективен спорт односно здруженијата кои се натпреваруваат во националните лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва | Зголемување на вклученоста на жените и девојчината во највисоките првенствени лиги и поттик за подеднакво финансирањето на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортот. | 2025 | 2.000.000,00 ден | Број на поддржани Женски спортски клубови/здруженија |
| Поддршка за општинските фудбалски екипи | Општински фудбалски сојуз | Општина Битола ќе ги поддржува активностите на општинските фудбалски екипи кои се наптреваруваат во општинската фудбалска лига | Да се поддржат фудбалските клубови на територија на општина Битола кои се натпреваруваат во општина лига<br>- Поддршка за службени лица (судии, делегат и контролори) за реализација на домашните натпревари | 2025 | 500.000,00 ден | Број на поддржани службени лица |
| Субвенционирање на членарина на спортските клубови и здруженија за зачленување на деца од ранливи категории | | Преку јавен повик за поддршка на спортски клубови и здруженија во кои членуваат деца од ранливи категории согласно критериуми | Вклучување на што поголем број на деца од ранливи категории во спортските клубови /здруженија со цел нивна социјализација и подобрување на спортскиот живот | 2025 | 400.000,00 ден | Број на пријавени спорстки здруженија/клубови<br>Број на деца кои членуваат Број на пријавени спорстки здруженија/ клубови |
| Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходни позиции во програмата за | Општина Битола Комисијата за спорт и млади при Советот Комисија за | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходни позиции во | Организаторот или носителот на проектот/активноста до општина Битола доставува: - - програма за реализација на проект, | 2025 | 550.000,00 ден | Број на поддршани проекти/активности<br>Број на вклучени учесници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| активности во областа на спортот, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот во Општина Битола за 2025 година. | евалуација на барање за финансиски средства | програмата за активности во областа на спортот, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот во Општина Битола за 2025 година. | спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање | | | |
| Поддршка за шаховски клубови | Општина Битола Комисијата за спорт и млади при Советот Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Преку јавен повик за поддршка на шаховски спортски клубови и здруженија, за програмски активности на клубовите/здруженијата. | Клубот/здружението до Општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање.<br>- наративен и финансиски извештај за потрошените финансиски средства добиени од страна на Општина Битола.<br>- начин на финансирање 70% по доставување на програмата и 30% по реализацијата на истата и доставениот наративен и финансиски извештај | 2025 | 150.000,00 ден. | Број на поддршани проекти/активности<br>Број на вклучени учесници. |
| Доделување на финансиска поддршка на Балканскиот шамион во бокс Ален Рустемовски. | Општина Битола Комисија за млади и спорт Комисија за финансии и буџет | Финансиски средства се доделуваат за постигнатиот успех | Промоција на Општината и потикнување за постигнување на поголеми резултати. | 2025 | 333.333,00 ден. | Постигнати резултати, број на натпрева-рувања во Државата и во странство. |
| МЛАДИ | | | | | | |
| Поддршка на проекти за млади (Акционен едногодишен план – Стратегија за млади) | Општина Битола, Комисија за млади и спорт | Организации на трибини, курсеви и презентации кои континуирано ќе овозможуваат активно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање. | Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време. Организирање на активности за користење на слободното време на младите преку редовни посети на (натпревари, фестивали, промоции, саеми). | 2025 | 550.000,00 ден | Број на активности Број на млади вклучени во нив Број на вклучени лица со попреченост Број на вклучени жени |
| Младински Центар | Финансирање на Младински центар | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација. | | 2025 | 950.000,00 ден | Број на активности<br>Број на млади вклучени во нив |
| Програма/акивности на Локален младински совет | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите на Локалниот младински совет | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација. | | 2025 | 100.000,00 ден | Број на активности Број на млади вклучени во нив |
| Студентска пракса | Општина Битола, | Студенти практиканти ангажирани во Општина | Ангажирање на студентите во Општина | 2025 | 500.000,00 ден | Број на ангажирани |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Комисија за млади и спорт Универзитет „Св Климент Охридски“ Битола | Битола и Јавни претпријатија | Битола и Јавни претпријатија со цел поголема вклученост на млади со стекнати практики | | | студенти Број на студенти со посебни потреби Број на вклучени жени |
| СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА | | | | | | |
| Спортски објекти | Општина Битола, АМС, Олимписки комитет Општина Битола, | Реконструкција и модернизација на фудбалски стадиони во градските и руралните средини | Подобрување на условите за тренинг како главен предуслов за постигнување на врвни спортски резултати | 2025 | Програма за комунални дејности | Број на спортисти Број на фудбалери Број на приврзаници на спортско навивање |
| Адаптација на спортски игралишта и сали прилагодени за лицата со попреченост | Општина Битола, АМС, Олимписки комитет Општина Битола, | Поставување на пристапни рампи во спортските објекти и училишните спортски сали | Подобрување на можностите за спортување на лица со попреченост | 2025 | Програма за комунални дејности | Број на извршени адаптации Број на ученици со попреченост Број на лица со попреченост Број на жени со попреченост |
| Спортски планинарски и скијачки клубови/здруженија | Општина Битола, АМС, Олимписки комитет Општина Битола, | Општина Битола ќе ги поддржува активностите и проектите на планинарските и скијачките спортски клубови/здруженија за зголемена популаризација на овие спортови, создавање на оптимални услови за спортување како и развој на масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните | Зголемување на вклученоста на спортистите во планинарските и скијачките спортови. Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува: - програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација - финансиски план и извори на финансирање - број на учесници-спортисти, спортски екипи, број на деца со посебни потреби и број на жени кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација | 2025 | 3.000.000,00 ден | Број на натпревари и број на вклучени спортисти. Број на меѓународни натпревари. Број на настани за развој на масовниот спорт и рекреација на граѓаните во природа, особено во планината |
| Спортска опрема и реквизити | Општина Битола, АМС, Олимписки комитет Општина Битола, | Набавка и поставување на спортски реквизити и опрема на отворени и затворени спортски терени ( кошаркарски табли и обрачи, ракометни и фудбалски голови, мрежи, топки , пинг-понг маси) | Подобрување на спортската инфраструктура и замена на дотраените спортски реквизити и опрема со нови. | 2025 | 500.000,00 ден | Број на учесници-спортисти, спортски екипи, училишни спортски екипи |
| НАБАВКА НА ОПРЕМА И ПЕЛЕТИ ЗА СПОРТСКА САЛА БОРО ЧУРЛЕВСКИ | | | | | | |
| Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | Општина Битола | Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | 2025 | 1.600.000,00 ден | Број на пелети |
| Набавка на зелени столчиња за спортска сала Боро Чурлевски | Општина Битола | Набавка и поставување на зелени столчиња за спортска сала Боро Чурлевски | Подобрување на спортската инфраструктура и замена на дотраените зелени столчиња за спортска сала Боро Чурлевски | 2025 | 200.000,00 ден | Број на столчиња |
| ГРАДОНАЧАЛНИК | | | | | | |
| Градоначалник | Градоначалник | Градоначалникот ќе има право да додели финансиска помош на заслужни спортисти/клубови/здруженија | Поттикување на спортистите/спортските клубови/здруженијата за постигнување уште поголеми успеси во 2025 | 2025 | 100.000,00 ден | Постигнат успех |

| ПРОДАЖБА НА ДОМИНАНТЕН ПАКЕТ НА АКЦИИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Продажба на доминантен пакет на акции за професионани спортски клубови кои немаат активен договор, а се во 100% сопственост на Општина Битола. | Општина Битола | Преку јавен повик во законска постапка може да се отпочне постапка за продажба на акции напрофесионани спортски клубови кои немаат активен договор, а се во 100% сопственост на Општина Битола. | Ослободување на финансиски сердства кои ќе бидат вложени во развој на младински категории и масовен спорт | 2025 | 0,00 ден | Број на понуди |

| Програма | Опис на активност | Планирано за 2025 год. |
|---|---|---|
| ЛО - ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ | **Професионален спорт** | |
| | Фудбалски клуб Пелистер | 18.934.000,00 ден |
| | Кошаркарски клуб Пелистер | 17.482.667,00 ден |
| | Ракометен клуб Еурофарм | 16.000.000,00 ден |
| | **ВКУПНО Професионален спорт** | 52.416.667,00 ден |
| | **Училишен спорт** | |
| | Училишен спорт | 1.500.000,00 ден |
| | Универзитетски спорт | 300.000,00 ден |
| | **Спортски манифестации** | |
| | Традиционални манифестации, манифестации од особен интерес, Хуманитарни манифестации | 1.350.000,00 ден |
| | **Дополнителни активности** | |
| | Женски клубови/здруженија | 2.000.000,00 ден |
| | Други активности | 550.000,00 ден |
| | Поддрка на општински фудбалски екипи | 500.000,00 ден |
| | Субвенционирање на спортски клубови/здруженија во кои членуваат деца од ранливи категории | 400.000,00 ден |
| | Поддршка за шаховски клубови | 150.000,000 ден. |
| | **Млади** | |
| | Младински проекти | 550.000,00 ден |
| | Младински центар | 950.000,00 ден |
| | **Спортски објекти** | |
| | Спортски планинарски и скијачки клубови | 3.000.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **63.666.667,00 ден** |
| А0 | **Јавен повик** | |
| | - Правни лица | 2.000.000,00 ден |
| | - Физички лица | 1.000.000,00 ден |
| | Поддршка за Балканскиот шампион во бокс Ален Рустемовски | 333.333,00 ден. |
| | Студентска пракса | 500.000,00 ден |
| | Локален Совет на млади | 100.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **3.933.333,00 ден** |
| ЛА - СПОРТСКА ОПРЕМА И РЕКВИЗИТИ | Набавка на спортска опрема и реквизити | 500.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **500.000,00 ден** |
| ЕО - Општинска администрација | Набавка на пелети за Спортска сала Борис Чурлевски | 1.600.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **1.600.000,00 ден** |
| ДО - ГРАДОНАЧАЛНИК | Градоначалник | 100.000,00 ден |
| | **Вкупно** | **100.000,00 ден** |
| ЕА - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | Набавка на зелени столчиња за спортска сала Боро Чурлевски<br>**Вкупно** | 200.000,00 ден<br>**200.000,00 ден** |
| | Продажба на доминантен пакет на акции за професионани спортски клубови кои немаат активен договор, а се во 100% сопственост на Општина Битола. | **00,00 ден** |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА** | | **70.000.000,00 ден** |

**Реализација на програмата**

Висината на средствата за реализација на Програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола.

Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025 година се финансира од буџетот на општина Битола, донации и спонзорства, а поединечната евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка кои се предвидени во оваа програма ги евалуира Комисија од општинската администрација по претходно разгледување на Комисија за спорт и млади при Советот на општината и нивните заклучоци.. Извршените евалуации Комисијата ги доставува за одобрување согласно определената надлежност за доделување на финансиски средства. Комисијата при реализација на програмата има обврска да ги почитува принципот на јавност и транспарентност и при доделување на средствата да води сметка за усогласеност на исплатата со неопходноста за исплата и финансиски можности на буџетот на општина Битола. При евалуација Комисијата ќе посветува посебно внимание на оправданоста на потрошени средства од претходни реализации на програми и проекти од Програмата за активности во областа на спортот и младите во општината Битола, образложени во навремено доставен извештај по реализиран проект.

Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во Сл.Гласник на Општина Битола.

Бр.09-158/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2025 година

Се објавува Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 08-1340/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2025 година

**ВОВЕД**

Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2025 год. претставува основа и рамка за пристапување кон изработување и спроведување на постапка за донесување на истите, согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24).

Предмет на Годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето се урбанистичките планови од член 10 став 1 точка 1, 2 ,3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24)

Во Годишната програма влегуваат и урбанистичките проекти со кои за прв пат се врши урбанизација на просторот, односно урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план по член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24).

Во Годишната програма влегуваат и урбанистичките проекти со план за препарцелација по член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) а со кои во синхрона постапка се врши промена на урбанистичките планови од член 10 став 1 точка 2,3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24).

По исклучок на погоренаведеното во Годишната програма можат да бидат вметнати и други урбанистички проекти од член 58 став (2) точка 2,3,4 и 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24).

## ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА ПРОГРАМАТА

1. Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и
2. Закон за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002)

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Цел на Програмата е да се овозможи ефикасно спроведување на политиката на планирање и уредување на просторот на територија на Општина Битола и создавање на услови за рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот и услови за хумано живеење и работа на граѓаните на Општина Битола.

## ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
- **ИЗРАБОТКА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН (ГУП) ЗА ГРАД БИТОЛА**
- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА**

Согласно чл. 14 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) донесувачот на планот со Планската програма ќе го одреди соодветниот вид на урбанистички план за село.

- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 10 став 1 точка 2 ,3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање** (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24)

- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти** (Сл.Весник на РМ 23/11, 53/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 )

- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство** (Сл. весник на РМ бр. 169/15)

- ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ

- ИЗРАБОТКА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

- ИЗРАБОТКА НА ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

- ИЗРАБОТКА НА АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ

- ИЗРАБОТКА НА СТРУЧНИ РЕВИЗИИ

- ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИ ОЦЕНКИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

- ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ, СТУДИИ, ПРОЕКТИ И ДОКУМЕНТАЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**ЗАВРШУВАЊЕ НА ОТПОЧНАТИ ПОСТАПКИ ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО – ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ**

**1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН (ГУП)**

1.1. Генерален урбанистички план на град Битола

1.2. Изменување и дополнување на ГУП на град Битола за приближно 26 ха. во границите на:

- Четврт Исток 02-Блок И 02.04 и Блок И.02.05

- Четврт Исток 05-Блок И 05.04 и Блок И 05.05

**2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ (ДУП)**

2.1. ДУП за Четврт ЈУГ 2, Блок Ј.02.05 - Општина Битола

2.2. ДУП за Источна индустриска зона Жито Битола и Транскоп - Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 13 Блок И.13.01)

2.3. ДУП за ССЗ Триаголник Блок 2 - Општина Битола (ДУП за Четврт Север 6 за дел од Блок С.06.01)

2.4. ДУП за Четврт „Монопол„ Блок 1 и 2 - Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 1 за дел од Блок И.01.01)

2.5. ДУП за Брусничко Лавчански Реон 2 дел Блок 1 (ДУП за Четврт Запад 13 за дел од Блок З.13.05) - Општина Битола

2.6. ДУП за дел од Работна зона северно од патот Битола с Новаци Блок 2 - Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 2, Блок И.02.06)

2.7. ДУП за Работна зона м.в. „ ЛЕА“ - Општина Битола (ДУП за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.08)

2.8. ДУП за Блок Стар Прогрес - Општина Битола (ДУП за Четврт Југ 3, Блок Ј.03.09)

2.9. ДУП за Градска работна зона јужно од патот Битола с. Новаци - Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 4 Блок И.04.01)

2.10. ДУП за Станбена заедница 4 и 2 Урбан Блок 1 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 8 за дел од Блок З.08.02)

2.11. ДУП за Довлеџик Блок 3 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 2, Блок З.02.04)

2.12. ДУП за Довлеџик кај базените Блок А.1 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 3, Блок З.03.03)

2.13. ДУП за Довлеџик кај базените Блок А.2 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 3, Блок З.03.02)

2.14. ДУП за Урбанистичка единица бр. 5 Блок 2 – Општина Битола, (ДУП за Четврт Запад 9 за дел од Блок З.09.01)

2.15. ДУП за Четврт Исток 9 Блок И.09.01 - Општина Битола

2.16. ДУП за Четврт Центар 4 Блок Ц.04.03 - Општина Битола

2.17. ДУП за Четврт Центар 4 Блок Ц.04.05 - Општина Битола

2.18. ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 - Општина Битола

2.19. ДУП за Четврт Север 8 Блок С.08.03 (ДУП за Северна станбена зона Баир)

2.20. ДУП за Четврт Север 9 Блок С.09.03 (ДУП за Северна станбена зона Баир)

2.21. ДУП за Четврт Север 8 Блок С.08.04 (ДУП за Северна станбена зона Баир)

2.22. ДУП за Четврт Запад 9 блок З.09.03 (вкупна површина од приближно

**Иницијативи на Општина Битола**

2.23. ДУП за Четврт Центар 4 (Урбан комплекс Широк Сокак, Блок Ц.04.01, Ц.04.02, Ц.04.04, Ц.04.069, Ц.04.07, Ц.04.08 (вкупна површина од приближно 25.52 ха.)

2.24. ДУП за Четврт Центар 2 (Урбан комплекс Стара чаршија) Блок Ц.02.01, Ц.02.02, Ц.02.03, Ц.02.04, Ц.02.05, (вкупна површина од приближно 17.42 ха.)

2.25. ДУП за АРМ Четврт 2 Блок Ј.03.02 (П=36,74 ха.)

2.26. ДУП за Четврт Запад 8 Блок З.08.01 (П=15,57 ха)

2.27. ДУП за Четврт Запад 6 Блок З.06.02 (П=8,46 ха)

2.28. ДУП за Четврт Запад 6 Блок З.06.03 (П=5,03 ха)

**3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ)**

3.1. УПВНМ за м.в. Мера КО Дихово – Општина Битола

3.2. УПВНМ за формирање на градежни парцели со намена Е2-фотоволтаични ЕЛЕКТРАНИ НА КП. 318/1, 318/2, 319, 326, 330, 331, 334/1, 334/2 и дел од КП3591 м.в.

„Брзо кај чешма„ - КО. Лисолај Општина Битола

3.3. УПВНМ за формирање на градежни парцели со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП Бр. 1314, КП Бр. 1318, КП Бр. 1319/1, КП Бр. 1320/2 и КП Бр. 1324/3 КО Крклино м.в. Таирови лозја - Општина Битола

3.4. УПВНМ за уредување на земјиште со намена Г2 - индустриски згради од лесна и преработувачка индустрија на дел од КП 1057/1, КО Кременица, Општина Битола

## 4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ЛУПД)

4.1. ЛУПД за изградба на објекти со намена А1 на КП Бр. 18052/1, 18053 и 18054 КО Битола – Општина Битола

4.2. ЛУПД за изградба на објекти со намена Д3 (спорт и рекреација) на КП Бр. 301/2 и КП Бр. 302/1 КО Дихово – Општина Битола

4.3. ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена В2-прифатилиште за кучиња скитници на дел од КП Бр. 25/1 КО Битола 5 - Општина Битола

4.4. ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 568 КО Нижеполе – Општина Битола

## 5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Инивијативи на Општина Битола

5.1. УП за село ДИХОВО - Договор бр. 16-1560/7 – АФПЗРР

5.2. УП за село Бистрица

5.3. УП за село Кажани

5.4. УП за село Кукуречани

5.5. УП за село Цапари

5.6. УП за село Трново

5.7. УП за село Магарево

5.8. УП за село Кравари

5.9. УП за село Логоварди

5.10. УП за село Поешево

5.11. УП за село Раштани

5.12. УП за село Крклино

5.13. УП за село Карамани

## 6. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

6.1. УП за објекти за времено домување А4, КП 808, 809 и 792, м.в.Мала Корија, КО Ротино,

6.2. УП за изградба на инфраструктура за пристапен пат од патот за с.Лисолај до Т-крстосница на приклучокот на КП 376 КО Лисолај,

6.3. УП за изградба на хотелски комплекс на КП 98 КО Брусник,

6.4. УП вон опфат на урбанистички план за изградба фотоволтаична централа на КП 778 КО Логоварди,

6.5. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е.1.13 на КП 262, КО Црновец;

6.6. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е.1.13 на КП 751/1 и КП 751/2, КО Раштани;

6.7. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4kV надземен вод низ КП 636, КО Канино;

6.8. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4kV кабелски вод на пат за с.Цапари низ КП 3188, КП 116/1, КП 116/4, КП 3185 КО Цапари-вон-град, КП 1057, КП 1018 КО Ротино.

6.9. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А3.3 - згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица, КП 236/1, КО Буково

6.10. УП за изградба на нови 0,4kV кабелски изводи, нов 10 (20)kV кабелски вод низ КО Крклино (Општина Битола) и изградба на нова КБТС Крклино 2 10 (20)kV; 800kVA;

6.11. УП за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фото-волтаичи електрани на КП 111, КО Горно Оризари, Општина Битола;

6.12. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3-викенд куќи на КП 2100 КО Крклино, Општина Битола;

6.13. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 фотоволтаична електрана на КП 287, КО Битола 5, Општина Битола;

6.14. УП вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена

А4.6- кампови со бунгалови на К.П. 602/1, КО Братин Дол, Општина Битола;

6.15. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3- семејни куќи за времен престој на КП 1670/1, КО Лавци, Општина Битола

6.16. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Е1.13 на КП 446, КО Братиндол, Општина Битола

6.17. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Е1.13 на КП 263/7, КО Кравари, Општина Битола

6.18. УП за линиска инфраструктурна градба за водоводна инфраструктура во населба „Воденици“, Буковски ливади, Битола (КО Битола 1/2, Буково, Крстоар), Општина Битола

6.19. УП за линиска инфраструктурна градба – сообрќајна и комунална инфраструктура на потег Горно Оризари - село Крклино, Општина Битола

6.20. УП вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - нови 10(20) кВ кабелски изводи низ (КО Цапари -вон град), Општина Битола и нова БСТС 10(20)/0,4кВ, 50кВА, Општина Битола;

6.21. УП вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена: А4.3 (Семејни куќи за времен престој - викенд куќи), на КП 529 м.в. Старо Лавци, КО Лавци, Општина Битола;

6.22. УП вон опфат на урбанистички план за фомирање на градежна парцела со основна намена Б5.1- хотелски комплекси на КТ 515/1 и КП515/2, КО Магарево, Општина Битола;

6.23. УП вон опфат на урбанистички план за нов 0,4 kV кабелски вод низ село Трново на КП 316 КО Трново и КП 321, КО Трново - вон град, Општина Битола и поставување на нови кабелски разводни ормари и нов мерен разводен ормар;

6.24. Урбанистички проект за инфраструктура, 10(20)кВ кабелски вод КО Горно Оризари, Општина Битола;

6.25. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на облект со намена А4.3, КП 560, КО Нижеполе, Општина Битола;

6.26. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на обект со намена А4.3, КП 561, КО Нижеполе, Општина Битола;

6.27. УП вон опфат на урбанистички план за формирање на ГП со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 189/4 КО Брусник, Општина Битола;

6.28. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10кV инфраструктурен вод низ КП 9/1, КП9/2 и др., КО Логоварди, Општина Битола;

6.29. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4.1 - згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 155, КО Нижеполе, Општина Битола;

6.30. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 570/6 КО Нижеполе, Општина Битола;

6.31. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 570/5 КО Нижеполе, Општина Битола;

6.32. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4кВ кабелски вод низ КП бр.2690/1, КП бр.5384/1, КП бр. 5392, КП бр.2544/1 (КО Кукуречани) – Општина Битола и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А;

6.33. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 -викенд куќи на дел од КП 570/1 и КП 570/2 КО Нижеполе, Општина Битола

6.34. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.1 - хостел на дел од КП 570/1 КО Нижеполе, Општина Битола;

6.35. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13- фотоволтаични електрани (кои се поставуваат на земја) на КП 885, КП 893, КП 894 и др. КО Братиндол, Општина Битола;

6.36. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија -10(20)кV кабелски вод на дел од КП бр.49 и дел од КП бр.468 КО Кравари-вон град, Општина Битола

6.37. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А1.4- станбени куќи во состав на селско стопански

двор на КП 454 и КП 456 м.в. „Гробишта“, КО Кажани, Општина Битола;

6.38. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 - семејни куќи за времен престој - викенд куќи на КП 820/4 КО Дихово, Општина Битола;

6.39. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - фотоволтаични електрани (кои се поставуваат на земја) на КП 897, 899, 901, 902 и 903 КО Братиндол, Општина Битола;

6.40. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 524 и дел од КП 525 КО Нижеполе, Општина Битола;

6.41. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.1 - згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 325/5 КО Магарево, Општина Битола

6.42. УП вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба со намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија/ столбови на далноводот и локални средно и нисконапонски електрични водови за осветление на ски стаза Копанки на дел од КП 351/6 и дел од КП 349/1, КО Магарево, Општина Битола;

6.43. УП вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4kV кабелски вод низ (КО Дихово и КО Дихово – вон град), Општина Битола и поставување на нови кабелски разводни ормари

6.44. УП вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Б5.1- хотелски комплекси на КП 620/3 и на дел од КП 620/16 КО Нижеполе м.в. „Зикови Ливади“, Општина Битола;

6.45. УП вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А1.5- станбени куќи во состав на селско стопански двор на КП 2676/1 КО Кукуречани, Општина Битола.

## 7. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА

7.1. УП со план за парцелација за спојување на две градежни парцели ГП 6 и 6.1 на КП 16792 КО Битола 3, Општина Битола;

7.2. УП со план за парцелација на ГП 26 од ДУП за дел од работна зона фрижидери Битола, Општина Битола;

7.3. УП со план за парцелација спојување на градежните парцели ГП 51, 52, 53, 71, 72, 73 согласно УПВНМ за Јужна индустриска зона - Жабени (Одлука бр.07-2177/33 од 28.09/2011 год.), Општина Битола;

7.4. УП со план за парцелација на дел од КП 6335 и КП 6335 КО Битола 3, согласно ДУП за Урбанистичка единица бр.5 (Одлука бр.08-58/98), Општина Битола;

7.5. УП со план за парцелација за градежна парцела на КП 7148 КО Битола 4 со намена индивидуални станбени градби, согласно ДУП за Станбена заедница - Девеани, Битола, (Одлука бр.08-52/1 од 22.10.1993), Општина Битола;

7.6. УП со план за парцелација за комплекс на сервиси и мало стопанство во „Западниот дел од потесното градско подрачје 2 дел“, Битола донесен со одлука од 28.12.1995 год. со намена Г2.7 (индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси) на КП 5360/30, КП 5360/32, КП 5360/34 и КП 5360/36 м.в. „Довлеџик“ КО Битола 1/2, Општина Битола

7.7. УП со план за парцелација за ГП 10 од ДУП за ЦГП 1 дел- Блок 1, Битола, Општина Битола, на КП 2921/4, КП 2921/1 и КП 19304/2 КО Битола 4, Општина Битола

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНОВИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на изработката на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно Член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) се врши од средства на:

- БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА, согласно ПРОГРАМА Ф1- урбанистичко планирање - Вкупно: 5.200.000,00 денари
- Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
- Донации

**Финансирањето се однесува на:**

- Изработка на урбанистички планови
- Изработка на урбанистички планови со кои ќе се врши вклопување на бесправните градби согласно Закон за постапување со бесправно изградените објекти
- Изработка на урбанистички планови согласно Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење
- Изработка на Стручни ревизии
- Изработка на Услови за планирање на просторот
- Изработка на Заштитно-конзерваторски основи
- Изработка на стратешки оценки за влијанието врз животната средина
- Изработка на елаборати, студии, стручни елаборати, јавни конкурси, проекти и документации во функција на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови - мерки за справување со отпад, климатски промени, заштита на природа, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, мерки за заштита од разурнување, за озеленување и други мерки за безбедно остварување на целите на планирањето
- Организација на Јавни повици, Јавни презентации, стручни расправи и Јавни анкети во постапката за донесување на урбанистички планови и урбанистичко плански документации и Стратешки оценки-објава во медиуми, стручни комисии...
- Надоместок на членови за учество во работата на работните тела согласно член 38, став 13 од Законот за УП (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и други работни тела и комисии

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Во текот на годината, во зависност од стратегијата на Општина Битола и доставените иницијативи, Годишната Програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност од Советот на Општина Битола
- Реализацијата на Програмата ќе биде согласно законската регулатива, потпишаните договори и согласно со поднесените иницијативи и приливот на средства, наведени во предходниот дел
- Подносителите на иницијативи за изработка на урбанистички проекти е потребно да ги превземат обврските поврзани со трошоците за планирање и реализација на инфраструктурата
- Изработување на урбанистичките планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно со чл. 68 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), и/или Јавна установа за урбанизам, согласно со чл. 72 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24)
- За реализација на оваа Програма се задолжени: Градоначалник на Општина Битола, Совет на Општина Битола, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина при Советот на Општина Битола, , Комисијата за урбанизам на Општина Битола формирана од Градоначалникот на Општина Битола, согласно чл. 38 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина и Одделението за спроведување на урбанистички планови на Општина Битола
- Годишната Програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола, во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страна на Општина Битола
- Составен дел на Годишната Програма е Анализата на степен и начин на спроведување и реализација на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Битола
- Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во Сл.Гласник на Општина Битола.

Бр.09-158/15
23.12.2024 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за Животна средина во Општина Битола за 2025 година

Се објавува Програма за Животна средина во Општина Битола за 2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 08-1340/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за животната средина во Општина Битола за 2025 година

### ВОВЕД

**„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина“, се пропишува во член 43 од Уставот на РСМ.**

Покрај уставните определби за животната средина, во правниот поредок се нормирани и повеќе прописи кои ги регулираат заштитата и унапредувањето на животната средина во Република Северна Македонија. Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за управување со отпадот, се дел од овие прописи.

Определба на Општина Битола е подобра животна средина за сите граѓани, како и подобри услови за живот во сите урбани заедници, во согласност со принципите на одржливост.

### 1. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата е постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

### 2. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина на подрачјето на Општина Битола за 2025 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

### 3. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

1) **Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух**

**1.1. Реализирање на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на Општина Битола**

Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух претставува значаен документ во чии рамки се предвидени мерки и активности за подобрување на квалитетот на воздухот, што е обемна и одговорна задача, која бара заедничка соработка на повеќе сектори и институции.

Реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет, дел од мерките се преточени во конкретни активности за кои се обезбедени средства од Буџетот на Општина Битола за 2025 година и се прикажани во оваа Програма. За реализација на одредени мерки, не се потребни финансиски средства.

**1.2. Изработка на Краткорочен акционен план за чист воздух** во кој ќе се утврдат мерки коишто треба да се превземат на краток рок особено за идентификација на причините за настанатите појави за да се намали ризикот или времетраењето на надминувањата. Краткорочниот акционен план се подготвува во соработка со органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина и органот на државна управа надлежен за работите од областа на здравството.

**1.3. Изготвување на Информација за квалитетот на амбиенталниот воздух на подрачјето на градот Битола** кое се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа за мониторинг на воздухот и информирање на јавноста преку Соопштенија при надминување на Праг на информирање и Праг на алармирање.

**1.4. Субвенционирање на граѓани за набавка на инвертери за затоплување**

Реализирање мерка од Планот за подобрување на квалитетот на воздухот за намалување на загадувањето од затоплувањето на домовите. Давањето на субвенции за набавка на инвертери за затоплување создава услови за поголем број граѓани да се одлучат да инвестираат средства за нов начин на греење, со кој ќе се намали загадувањето.

**2) Управување со отпад**

**2.1. Спроведување на мерки од Локален акционен план за управување со отпад**

Општина Битола е избрана како Пилот општина заедно со ЈП Комуналец и во соработка со претставниците на Салар интернационал изработи стратешки документ Локален акционен план за управување со отпад со главна цел подобрување на услугите за управување со отпадот и целосно усогласување со стандардите на ЕУ со што ќе се подобри еколошката одржливост и квалитетот на живот за сите жители.

Проектот применува советодавен и инклузивен пристап кој се темели на човекови права во поддршка на целните општини за да го унапреди општинското работење на управување со отпадот и да помогне да се создаде чиста и безбедна средина за луѓето.

**2.2.Поставување на вендинг машини во соработка со Пакомак**

Општина Битола во соработка со Пакомак постави повратни вендинг машини за собирање на пластични шишиња и лименки од населението. Корисниците на машините за секое шише лименка добиваат по еден Зелен поен со вредност од 0,5 денари.

Активноста претставува континуитет од 2024година. Во план е поставување на повеќе вендинг машини на локации кои ќе бидат избрани согласно договорот и анализата од страна на Пакомак и општината, а главната цел е што повисока свест- помалку отпад.

Општината во соработка со Пакомак ќе организира кампањи за промоција на машините.

**2.3. Изработка на Катастар на отпад и негово ажурирање**

Потребна е идентификација/мапирање на локации и ажурирање на податоци каде несовесните граѓани одлагаат различен вид на отпад, од комунален, животински, градежен до опасен отпад и анализа на притисоците кои тие ги вршат врз животната средина и здравјето на луѓето за да може да се планираат и превземаат мерки за одржливо живеење на заедницата.

Потребна е изработка на приоритетна листа на ѓубришта и решенија за санација на истите.

**2.4. Редизајнирање на постоечки простори за одлагање и селекција на отпад и уредување на јавните зелени површини на колективни станбени згради**

Една од законските обврски на Општината е да обезбеди соодветни локации уредени за одлагање и селекција на отпад. Се предлага активност за редизајнирање на постоечките простори за одлагање и селекција на отпад и уредување на јавните зелени површини околу колективни станбени згради особено во централното градско подрачје, што воедно ќе претставува позитивен пример на активности и соработка на Општината, ЈП Комуналец, станарите и преку Проект во соработка со Салар интернационал од што се очекува позитивна промена во уредувањето на просторот и промена во навиките на станарите.

**3) Заштита од бучава**

**3.1.Изработка на Катастар на стационарни извори на бучава**

Бучавата е еден од сериозните нарушувачи на животната средина. Причинителите на бучавата се многубројни, што утврдува потреба од дефинирање на изворите, граничните вредности, начинот на мониторинг и мерките за заштита.

Заради следење на нивото на бучава во различни зони на градот, ќе се спроведе ажурирање на податоци/ мапирање на локации за мерење на бучавата со цел обезбедување на реални податоци за нивото на бучава на подрачјето на градот, предизвикана од комерцијалните активности во урбаните средини, сообраќајот, густина на популација...... Очекувани ефекти од реализација на проектот е подигање на свеста за проблемот со бучавата во урбаните комерцијално - резиденцијални зони, обезбедување на подлоги за планирање и утврдување на мерки за подобрување на состојбите.

Во мониторингот и мерењето на бучава, ќе се вклучи и Центарот за јавно здравје Битола.

**4) Заштита на водите**

**4.1. Изработка на Катастар на загадувачи на води**

Реализација на мерка од ЛЕАПна Општина Битола. Општина Битола ќе пристапи кон изработка на мапирање на загадувачи на води на подрачјето на општината.

**5) Подигање на јавната свест за значењето на животната средина**

**5.1. Подигање на јавната свест преку соработка со невладиниот сектор за реализација на проекти, организирање манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар**

Целта е да се постигне повисоко ниво на јавната свест за значењето на животната средина и да се охрабри населението да преземе чекори за заштита на животната средина и грижа за планетата .

**5.2. Кампања за информирање за негативните последици од палењето отпад и користење несоодветни горива за затоплување**

Загадувањето на воздухот е најголем еколошки проблем на градот. Утврдена е потреба од систематско и континуирано влијание за промена на навиките на населението и подигање на јавната свест за овој проблем преку осмислување на кампања и нејзина реализација во соработка со Граѓански организации, невладини здруженија, институции...

**5.3 Кампања за подигање на јавната свест, мотивирање на населението за придобивките од селектирање на отпад и подобрување на системот за управување со отпад**

Утврдена е потреба од систематско и континуирано влијание за промена на навиките на населението и подигање на јавната свест за подобрување на системот за управување со отпад, осмислување на кампања и нејзина реализација во соработка со Граѓански организации, невладини здруженија, институции...

Согласно изработениот Локален акционен план за Општина Битола, планирани се едукативни настани по градинки, училишта и медиуми и спроведување на мини еко кампањи преку културни настани.

Преку Проект во соработка со Салар интернационал издвоени се средства за подигнување на јавната свест за придобивките од селекција на отпад и подобрување на системот за управување со отпад.

**6) Унапредување на зелени површини - Урбано зеленило**

**6.1. Изработката на Зелен катастар на територијата на Општина Битола - Дел четврти**

Со изработка на Зелен катастар ќе се постигне повисок степен на заштита и унапредување на јавните зелени површини на на територијата на Општина Битола со помош на обезбедување просторни податоци за обемот и видот на зеленилото.

Овој документ кој се изработува во континуитет за уште еден дел од градот е основа за унапредувањето на јавните зелени урбани површини со оглед на фактот што зеленилото, покрај функционалните, рекреативните, амбиенталните и социјалните функции, придонесува подеднакво кон намалувањето и адаптирањето на климатските промени. Со Зелениот катастар ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото, во функција на урбанистичкото планирање, со

крајна цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели. До сега се геодетски снимени ха зелена површина и лоцирани се 24.000 просторни точки. Извршено е попишување на атрибути за секоја точка (дрво, грмушка..)

**6.2. Подигнување на нови зелени површини**

Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на зелени површини подразбира и практикува засадување по сеча на дрвја, засадување на голи неплодни и ерозивни земјишта и создавање на нови насади.

Пошумувањето ќе се врши со едногодишни садници и повеќегодишни садници, со што на наведените локации бенефитот од извршените акции ќе биде видлив во блиска иднина во соработка на Општина Битола со ЈКП „Комуналец“ .

**7) Спроведување на одредени законски процедури**

Законот за животната средина предвидува обврски за изработка на различни стратешки документи во процесот на планирање и спроведување на планови и конкретни активности, оценки, еколошки дозволи и сл., кои се неопходни во процесот на носење на одлуки за животната средина.

**7.1. Законски процедури кои Општина Битола ги спроведува како надлежен орган**

**7.2 Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина**

Општина Битола е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура (согласно одредби од чл.95, 122 и 123 од Законот за животната средина).

Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку Програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање.

Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина е задолжено за активноста за издавања на Б-дозволите. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува Инспекторатот на Општина Битола-овластените инспектори за животна средина.

**7.3 Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**

Согласно Законот за животната средина, Општина Битола е надлежена за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наведени во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината (согласно чл.26 од Законот за животната средина).

Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина е задолжено за активноста за водење на постапката и изготвување Решение за одобрување, кое го потпишува Градоначалникот на Општина Битола.

**8) Проекти од областа на животната средина**

Општина Битола развива проекти кои се од областа на животната средина, или се со поширок дијапазон, но се координираат преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина.

**8.1. Спроведување на ЛЕАП 2 за Општина Битола (2023-2028)**

Овој плански документ е основа за управување со животната средина во Општина Битола. Според истиот ќе се организираат сите проекти и активности поврзани со заштитата на животната средина

**8.2. План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на Општина Битола (2023-2028)**

Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух претставува документ во чии рамки се предвидени мерки и активности за подобрување на квалитетот на воздухот во соработка на повеќе сектори и институции.

**8.3. Локален акционен план за управување со отпад (2023-2025)**

Салар интернационал во рамки на Проект за одржливо управување со отпадот во партнерство помеѓу МЖСПП, Министерство за локална самоуправа и ЗЕЛС

**8.4. Катастар на загадувачи на животната средина на Општина Битола во фаза**

**на изработка во надлежност на Министерство за животна средина**

**8.5. Акција за чистење на градот – Generalка викенд**

Општина Битола во соработка со Пивара Скопје, Пакомак, Министерството за животна средина, Министерство за земјоделие и Мен енд Маунтен спроведува акции под мотото Генералка викенд. Во истите учествуваат околу учесници од основни и средни училишта, Јавни претпријатија, приватни фирми како и месно население од урбани заедници, се со цел чистење на диви депонии, селекција на отпад (пластика,хартија и стакло) во основните и средни училишта.Оваа активност се извршува во континуитет четврта година. Крајната цел на акцијата е подигнување на јавната свест и грижа за животната средина.

**9) Финансирање на проектите предвидени со оваа програма**

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

- Буџетот на РСМ
- Буџетот на Општина Битола
- Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината
- Донации
- Меѓународни фондови

**10) Реализација на програмата**

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

**11) Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола.

За реализација на оваа Програма е задолжен Градоначалникот на Општина Битола.

Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Програма за животна средина за 2025година

| | **Програма за животна средина** | **426990 R1** |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар дел четврти | **1.000.000,00 денари** |
| 2. | Редизајнирање на постоечки простори за одлагање и селекција на отпад и на јавни зелени површини на колективни станбени згради | **2.000.000,00денари** |
| 3. | Кампањи за подигање на јавната свест за заштита на животната средина, управување со отпад... | **100.000,00денари** |
| 4. | Изработка на Катастар на стационарни извори на бучава | **200.000,00денари** |
| 5. | Изработка на Катастар на загадувачи на води | **200.000,00денари** |
| 6. | Изработка на Катастар на отпад | **500.000,00денари** |
| | **Субвенции** | **464990 R1** |
| 1. | Субвенционирање на инвертер клима уреди | **3.000.000,00 денари** |
| 2. | Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства | **1.000.000,00 денари** |
| 3. | Субвенционирање зелени поени Проект поставување на вендинг машини со Пакомак | **300.000,00 денари** |
| 4. | Трансфери на средства до училиштата за набавка на прочистувачи на воздух | **700.000,00 денари** |
| | **Вкупен буџет** | **9.000.000,00 денари** |

Програма влегува во сила со објавувањето во Сл.Гласник на Општина Битола.

Бр.09-158/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Оперативен план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Оперативен план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Оперативен план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Оперативен план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со денот на објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Оперативен план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на каналски систем, јавна депонија Мегленци,дивите депонии и ѓубришта на територија на Општина Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Оперативен план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на каналски систем, јавна депонија Мегленци,дивите депонии и ѓубришта на територија на Општина Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Оперативен план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на каналски систем, јавна депонија Мегленци, дивите депонии и ѓубришта на територија на Општина Битола за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Оперативен план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на каналски систем, јавна депонија Мегленци, дивите депонии и ѓубришта на територија на Општина Битола за 2025 година

2. Заклучокот влегува во сила *со денот на објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2025 година

Се објавува Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 2.12.2024 година.

Бр. 08-1340/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и Сл.весник на РСМ бр. 275/19, 224/2024 и 233/2024) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2025 година

### ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма е располагањето и управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Севрна Македонија на територијата на Општина Битола што од своја страна вклучува отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба, давање на земјиштето на долготраен и краткотраерн закуп и размена на земјиштето.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Битола ги третира териториите односно опфатите на урбанистичките планови каде што земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија и каде што согласно Законот за Градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјиште во рамки и на начин определен со Законот за градежно земјиште.

Согласно Одлука за вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Битола на Владата на Република Македонија бр.51-5137/1 од 28.09.2011 год. Општина Битола од 2011 ги врши работите на располагањето со градежното земјиште остварува промет со градежното земјиште и приходи по тој основ.

### Просторен опфат

Со ова Програма се дефинира менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Битола дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2025 година.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на:

- **ДУП за „АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3” - Битола** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр 07-1791/3 од 06.09.2011г

- Урбанистички План вон Населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени„ општина Битола-измени и дополнувања донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр.07-831/23 од 28.04.2011г
- ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел„ измени и дополнувања Битола донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-238/7 од 29.03.2000г.
- ДУП за „дел од Градска Работна зона северно од патот Битола-с. Новаци Блок 1” Битола донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-15/21 од 04.07.2012г.
- ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ„ Битола донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-3289/3 од 16 11.2009г

- ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад„ Блок 1 Битола донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-299/21 од 16. 02.2012г
- Урбанистички План Вон Населено Место за „Туристичка населба Нижеполе м.в. Чакал општина Битола” донесен со Одлука на Совет на општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за „изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола” донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-2699/14 од 23.12.2010г.
- Урбанистички План Вон Населено Место за „комерцијални и деловни намени Граничен премин Меџитлија КО Породин” Битола донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-1221/14 од 30.06.2010г.
- ДУП за „Буковски ливади II дел измени и дополнувања” донесен со Одлука на Совет на општина Битола од 30.09.1988 год.
- Поединечни нереализирани градежни парцели сопственост на Република Северна Македонија што се во опфат на детални урбанистички планови на територија на општина Битола

**Законски основ за изработка на Програмата**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РСМ 5/2002), Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и Сл.весник на РСМ бр. 275/2019), чл.70 од Статутот на Општина Битола (Сл.гласник на Општина Битола бр. 10/2005, 17/2008, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп.

- ДУП за АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3 Битола
- Урбанистички План вон населено место Јужна Индустриска Зона ЖАБЕНИ измени и дополнувања општина Битола
- ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел„ измени и дополнувања Битола
- ДУП за дел од Градска Работна зона северно од патот Битола-с.Новаци Блок 1 Битола
- ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ„ Битола
- ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад„ Блок 1 Битола
- „Урбанистички План Вон Населено Место за Туристичка населба Нижеполе„ м.в. Чакал општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за комерцијални и деловни намени „Граничен премин Меџитлија„ КО Породин Битола

Земјиштето во сопственост на Република Северна Македонија ќе се продава по цени утврдени во Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп што важат на денот на продажбата.

**Цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност, а со тоа и да придонесат за развојот на општина Битола на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположивите ресурси.

**Динамика на реализацијата на Програмата**

Програмата за 2025 година се планира да се реализира во два турнуси

Првиот турнус би го опфатил првото шестомесечије на 2025 год. и би ги опфатил парцелите за отуѓување по пат на јавно надавање од оваа Програма.

Вториот турнус би го опфатил второто шестомесечије на 2025 год.

Постапки за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија започнати по Програма од 2024 година ке продолжат во наредната година и ке бидат прикажани во извештајот за реализирани средства по основ отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија во 2025 година

**Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

За реализација на оваа Програма надлежна е Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија составена од седум лица од кои пет се со овластување за располагање со градежното земјиште.

**Проценка на финансискиот прилив по основ на реализација на Програмата**

Се очекува прилив на средства по оваа програма

- од продажба на парцели за индивидуално домување А1
- од продажба на парцели за домување во стамбени згради А2
- од продажба на парцели за групно домување А3
- од продажба на парцели за трговски центри Б1,Б2
- од продажба на парцели за државни институции В4
- од продажба на парцели за хотелски комлекс Б5
- од продажба парцели за образование и култура В1, В3
- од продажба на парцели за производство, дистрибуција и сервиси Г 2,3,4

**Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

Потребни средства за реализација на програмата односно само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање изнесува:

**600.000,00 ден**

**Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

- Програмата влегува во сила *со денот на објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“

бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-158/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец" Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец" Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), член 22 став 1, точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец" Битола за 2025 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец" Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-158/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување на Финансиската програма за јавната чистота на ЈП Комуналец Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Финансиската програма за јавната чистота на ЈП Комуналец Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), член 22 став 1, точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување на Финансиската програма за јавната чистота на ЈП Комуналец Битола за 2025 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансиската програма за јавната чистота на ЈП Комуналец Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), член 22 став 1, точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување на Финансиската програма за јавните зелени површини на ЈП Комуналец Битола за 2025 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансиската програма за јавните зелени површини на ЈП Комуналец Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување на Финансиската програма за јавните зелени површини ЈП Комуналец Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Финансиската програма за јавните зелени површини ЈП Комуналец Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2025 година**

Се објавува Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 7 став (3) од Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.95/12) и Законот за изменувањата и дополнувањата на Законот за комунални дејности (163/13, 42/14, 44/15 и 147/15), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96-275/19), врз основа на член 28 став (3) од Законот за заштита и благосостојба на животните (Службен весник бр. 149/14, 149/15, 53/16 и 65/23), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2025 година

### 1. Вовед

Во Програмата за хуман третман на бездомни кучиња на ЈП Комуналец Битола детално го обработува моделот на менацирање и решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку воспоставување на систем за контрола на популација на кучиња согласно Законот за ветеринарно здравство (Сл.весник на РМ. бр. 123/15, 154/15 и 53/16), Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл.весник на РМ бр. 149/14, 149/15, 53/16 и 65/23) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник на РСМ, бр. 44 од 23.02.2021 година).

Во програмата за хуман третман се утврдуваат активностите кои ќе се спроведуваат на територија на Општина Битола кои се базираат врз националната законска рамка со голем осврт на активности кои претпријатието ќе ги воспостави за поттикнување на одговорно сопственишство кон домашните миленици.

Програмата е изработена врз основа на методот **„залови-стерилизирај-вакцинирај-врати"** а целта е во примената на методата да бидат вклучени сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект ќе се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината во период од 6-12 месеци. Се предвидува дека со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

Овој начин на работа ќе овозможи систем на ефективно управување како и детален увид во трошоците на работата врз основа на што, ќе може да се направи и детална cost/benefit анализа на работата на прифатилиштето за следната година. Преку овој пристап ќе се овозможи подобра распределба на ресурсите и капацитетите на Општина Битола во решавањето на овој проблем со што ќе биде транспаретно прикажан начинот на финансирање на претпријатието и негова одржливост.

Принципот на контрола на уличната популација на животни во Општина Битола ќе биде преку ставање во функција на капацитетите на прифатилиштето во сопственост на Општина Битола, персоналот вработен во ЈП Комуналец, и ангажирање на ветеринарни друштва за медицинскиот третман на уличната популација на животните.

### 2. Основни цели на програмата

Главната цел на програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Битола, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) Спроведување на стратегијата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати" на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободно да се движат без присуство на сопственикот на јавна површина;

2) Зголемување на јавната свест преку адаптирање на информација и едукација за

различни категории на граѓани, со цел на најсодветен начин според категоријата на која припаѓаат да им се претстави состојбата и начинот на решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку медиумска активност, и различни организирани активности насочени кон зголемување на јавната свест со цел да се спречи изворот на нови единки на улица кои потекнуваат од домашните кучиња.

Спроведувањето на оваа програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на улични кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

Образложение:

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, идентификацијата, регистрацијата, вдомувањето или повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност на уличната популација на кучињата. Се превенираат несакани легла на нови кучиња, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат значително. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави, и се воспоставува контрола на теренот. Обележаните кучиња се познати на населението, ушната маркичка влева доверба кај граѓаните за здраво прегледано и третирано куче и овие кучиња имаат поголеми шанси да се вдомат. Кучињата вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишто и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови, стерилизирај, вакцинирај и врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската здравствена организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација/кастрација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување чипирање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, неселектирано казнување за неодговорните сопственици).

**3. Опсег на работа**

ЈП Комуналец Битола во рамките на програмата за контрола на уличната популација на кучињата заедно со правните субјекти за медицински третман кои се ангажирани со договор и под негова координација, работи со бездомни кучиња на територија на Општина Битола како и со заловување на нерегистрирани и регистрирани кучиња кои ќе се затекнат на јавна површина без присуство и контрола од сопственикот. Предмет на работа на претпријатието и таргет се кучиња над 7 месечна возраст за кои се смета дека достигнале полова и физичка зрелост за целосен хуман третман на животното и имаат развиен имунолошки систем.

Во одредени случаи по проценка на ангажираниот стручниот тим од страна на ЈП Комуналец Битола, може да бидат третирани кучиња под 7 (седум) месечна возраст земајќи го во предвид фактот дека истите немаат развиени репродуктивни органи односно не се физички спремни за целосен хуман третман, и дека оваа категорија на кучиња поради нецелосно развиен имун систем имаат поголема можност да бидат дополнително заразени со преносливи болести при контакт со заловени единки во прифатолиштето. Овие единки претставуваат и опасност за внесување на заразна болест која можеби ќе предизвика времен престанок на работа на

прифатилиштето поради искоренување на определена заразна болест. Поради ова доколку има потреба ќе се врши заловување и сместување во прифатилиштето и на овие категории на кучиња а согласно состојбата на теренот и тековната работа доколку се увиди дека бројот на вакви животни е голем подготвени сме да изготвиме посебен акциски план и стратегија во рамките на нашите можности за третман и на овие категории на кучиња.

## 4. Оправданост за потребата од формирање на прифатилиште во рамки на ЈП Комуналец Битола

Проблемите кои настануваат од појавата на бездомни кучиња се однесуваат на**:**

- Јавното здравје: кучињата може да пренесуваат зоонозни заболувања (болести кои може да се пренесат од животно на човек), опасност од каснувања, напади на граѓаните со различен степен на сериозност.
- Загадување на животна средина: фекално загадување, екскрети со непријатен мирис, територијално обележување во близина или во области каде што живеат луѓе, разнесување на остатоци од храна на јавни простори, создавање бучава со лаење, завивање или од агресивни интеракции помеѓу кучињата и на кучињата кон луѓето.
- Оштетување на имот како резултат на предизвикување сообраќани несреќи или оштетување на јавни и приватни добра.
- Благосостојба на бездомните кучиња е нарушена како резултат од:

- неухранетост поради ограничена достапност на извори на храна;

- неправилна исхрана како резултат на исхрана на јавни места;

- повреди како резултат од сообраќајни несреќи;

- повреди од агресивни интеракции со други кучиња поради ограничени ресурси

- повреди како резултат на борба за територија помеѓу бездомните кучиња

- подложност на болести поради континуиран престој на јавни просториии отсуство на редовна ветеринарна нега (паразитски болести, векторски болести, вирусни заболувања и зоонозни болести)

- нехумани методи за контрола на бездомната популација (труење)

- злоупотреба од страна на граѓаните.

- финансиски импликации по буџетот на Општина Битола поради исплата на оштети од претрпен страв и физичка повреда од бездомните кучиња.

Насоки од Проект реализиран од УНДП - Физибилити студија за бездомна популација на кучиња за Пелагониски трегион, каде се препорачува изградба на прифатилиште под раководство на Општина Битола како основна инсталација за решавање на проблемот со уличната популација на кучињата.

## 5. Методи на работа

1). „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ целта е методата да биде применета од страна на сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола, всушност оваа метода означува хуман третман на животните во кој е вклучено: заловување, ветеринарен преглед, тестирање за зоонози согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните донесена од Агенцијата за храна и ветеринарство (Лајшманиоза – акредитирана метода) стерилизација/кастрација, вакцинација, чипирање, обележување со ушна маркичка, третман за внатрешни и надворешни паразити, спроведување на тест за социјализација на куче, отворена можност за вдомување според пропишана законска рамка дополнително уредена со внатрешни процедури на јавното претпријатие, по што животните се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. При строго утврдени состојби согласно со закон може да се примени и евтаназија, при исцрпеност на сите предвидени можности за лекување, згрижување и вдомување на овие животни.

Според програмата, освен бездомни ќе се заловуваат регистрирани и нерегистрирани кучиња на јавни површини, без сопственик. Во согласност со закон, заловувањето на регистрирани кучиња на јавни површини и сите трошоци што ќе произлезат од ваквите дејства е на сметка на сопственикот на кучето.

Оваа метода на работа во овој момент е признаена од сите релевантни светски институции и се применува во земјите каде што има пораст на популацијата.

Како подршка на залови-стерилизирај-вакцинирај-врати, се предвидува евидентирање на одговорни граѓани кои ќе бидат обучени од страна на ЈП Комуналец - Битола за ефективно спроведување на програмата, за третман по враќање на место на заловување.

2). Втор метод на работа е зголемување на јавната свест. Јавното претпријатие ќе делува во насока за едукации предвидени за јавноста со цел зголемување на јавната свест за бездомните животни, преку едукативни настани, надворешни активности во соработка со средното земјоделско училиште, Факултетот за ветеринарна медицина, здруженијата и донатори.

Фазно ќе се воведат СОП-ови за работење, кои ќе го дефинираат целиот процес на работа на претпријатието за да се подобри работниот процес, следливоста на постапувањето со цел да се зголеми довербата кај граѓаните за хуманиот третман на животните и поголема функционалност на претпријатието.

## 6. План за работа

Јавното претпријатие плански ќе работи со цел контрола на проблемот со бездомните кучиња во рамките на Општина Битола. Прифатилиштето ќе биде база за решавање на проблемот, Ветеринарните услуги, заловувањето и тестот за социјализација ќе ги добива на јавен тендер како услуга.

За таа цел се предвидува да се делува со сите расположливи ресурси во рамките на општината.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект ќе се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината во период од 6-12 месеци. Се предвидува дека со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

Во 2023 година Општина Битола спроведе проценка на популацијата на кучињата во рамките на општината согласно Законот и подзаконските акти од областа на благосостојбата на животните како и по препораките на WOAH (World organization for Animal Health), и по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) според ова броење и мапирање на кучињата се заклучи дека во Град Битола има околу 750 улични кучиња, а во рамки на целата Општина Битола околу 1100 кучиња. Процентот на веќе третирани кучиња е околу 31%. Ова значи дека врз основа на оваа програма Општина Битола ќе предвиди буџет за работа на прифатилиштето во рамките на ЈП Комунална хигиена – Битола и за хуман третман на околу 800 до 850 кучиња со цел да се задоволи таргетираниот процент на третирани кучиња, односно 75% од популацијата на бездомни кучиња да бидат третирани во рамките на 6 до 8 месеци во Општина Битола.

Прифатилиштето ќе работи по налози за работа кои произлегуваат од:

Издаден налог од страна на Општина Битола;

По приоритетни пријави од граѓани кои биле нападнати од бездомни кучиња; и

Приоритет и таргет на стерилизација се репродуктивно способните женки. Мониторингот на состојбата се се спроведува по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) на полугодишен период или на квартален во зависност од расположивите на финансиски средства и човечки ресурси.

Престојот на кучињата во прифатилиштето кои ќе подлежат на хуман третман нема да биде подолг од 30 дена. Заловувањето на кучиња ќе биде во рамките на Општина Битола. Примарно ќе се таргетираат места со поголем ризик кои ќе имаат приоритет во делувањето (паркови, болници, гробишта, шеталиште, плоштади...).

- **Планирани активности**

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на општината опфаќаат:

- заловување на животните,
- нивен транспорт до прифатилиштето или ветеринарно друштво,
- прием и преглед од овластен ветеринар,
- лабораториско испитување на животните на одредени болести во согласност со Годишната наредба за здравствена заштиа на животните,
- идентификација и водење евиденција (чип и ушна маркичка) и ажурирање на

Информацискиот систем на агенцијата за храна и ветеринарство,

- Спроведување на тест за социјализација на куче и понатамошни постапки со оние кучиња кои ќе бидат прогласени за опасни во согласност со Закон,
- Можност за социјализација на кучињата кои што се заловени во процесот на хуманиот третман на животните
- Посветена работа и социјализација со кучиња кои се заловени поради предизвикување на немил настан на локација.
- овариохистеректомија и орхиектомија,
- постоперативно сместување, лекување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето,
- повторно враќање на животните на локацијата од каде што биле заловени,
- евтаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по околината, доколку не се вдомат, а согласно позитивните законски прописи.

## 7. Стандардни оперативни постапки

ЈП Комуналец - Битола за потребите на прифатилиштето ќе развие комплетни СОП-ови што ќе претставува темелен процес и приорит во работата на прифатилиштето. Со СОП-овите ќе се опишат задачите кои ќе треба да се спроведат со цел програмата за контрола на бездомните кучиња ефикасно да функционира. Ваквиот пристап ќе ја олесни понатамошната работа, мониторинг на успешноста, контрола на постапките како и ажурирање и приспособување на новонастанатите состојби.

## 8. Евалуација и мониторинг на популацијата на бездомни кучиња

Општина Битола спроведе евалуација и мониторинг на бројот на бездомните кучиња каде се заклучи дека на ниво на општина има 1100 улични кучиња а во рамките на градот има околу 750 кучиња, од кои 30.95% се веќе тертирани, со овој мониторинг се воочи и состојбата на застапеност според пол, и се мереа и индикатори за благосостојбата на кучињата на улица.

Бројката на кучиња на должен километар е 2.22 кучиња што претставува висока популација на кучиња на должен километар. Околу 9% од кучињата кои се затекнати на улица без присуство на сопственик се со околувратник, што претставува процентуален поримерок на потврдено сопственички кучиња кои талкаат по улиците.

Должината на патеката која е помината во Општина Битола е 22.553км на која дестинација се детектирани 50 кучиња.

Од сите кучиња 16 се машки некастрирани, 12 се женски нестерилизирани, 6 се машки кастрирани, 7 се женски стерилизирани една е женка која е во лактација со мали кутриња и 6 се млади кутриња. 2 од кучињата имало потешкотии да се определи полот.

Генерално сите кучиња биле визуално во добра здравствена состојба.

Според спроведениот мониторинг се гледа дека за 2025 година доколку имаме цел да се таргетира третман на минимум од 75% од нетретираната популација на кучиња во рамките на 6 до 8 месеци се добива податокот дека треба да се целиме кон третман на 580 кучиња а за следниот циклус од 6 до 8 месеци треба да се таргетира 75% од преостанатата улична популација на кучиња. Да напомeнеме дека во текот на првиот период е за очекување да се зголемува уличната популација на кучињата за определен процент поради природниот пораст односно репродуктивната способност на кучињата. Затоа треба да предвидиме дека за следниот период од 6 до 8 месеци ни останале околу 200 кучиња за третман со што за 2025 година вкупно треба да таргетираме околу 750 единки.

Мониторингот на периодично ниво во текот на 2025 година ќе ги содржи следните елементи:

- Број на кучиња на улица
- Број на вратени бездомни кучиња во одреден регион од општината
- Карактеристиката на таа популација на кучиња (раса, пол старост, година на третман, физички и здравствени карактеристики)
- Извори на храна, места на сместување - живеалишта

### 9. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата постапка која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на одговорните лица кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, да ги изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа персоналот кој ќе биде ангажиран од општината ќе биде мониториран од страна на вработени во ЈП Комуналец, во овој процес на контрола и пријава ќе ја мотивираме соработката со невладиниот сектор.

Заловувачите кои ќе бидат ангажирани ќе имаат соодветни средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, дувалки, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Организацијата и изведувањето на заловувањето ќе биде организирано од страна на персоналот вработен во прифатилиштето во соработка со фирмите кои ќе бидат ангажирани за ветеринарни услуги и заловување. Приоритет за заловување ќе биде ставен на женските единки и пријавите за кучиња кои пројавиле агресија.

За време на заловувањето може да има присуство на членови на здруженија за заштита на животните, граѓански активисти кои имаат соодветна подготовка, го познаваат теренот и ја познаваат проблематиката и кучињата. Секој граѓанин со најава и координација со персоналот на прифатилиштето може да пријави и да донесе улично куче во прифатилиштето со цел да помине хуман третман.

Транспортот од местото на заловување до прифатилиштето се врши со соодветни возила опремени со соодветна опрема за сместување на животните.

Униформите и возилото на ЈП комуналец се видно обележени со назнаките на јавното претпријатие.

### 10. Прифатилиште и медицински третман

Секое заловено животно се носи во карантинскиот дел од прифатилиштето, по што се подложува на клинички преглед, тестирање за болести (земање крв за испитување на Лајшманиоза), хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити од страна на ветеринарно друштво/а кое е ангажирано на јавна набавка за ветеринарно медицински третман, и потоа се прави трансфер во делот за вдомување. Секое животно се евидентира/регистрира во дата-база на податоци-ВИС АХВ, како и обележува (со ушна маркица по боја предвидена во Годишната наредба за здравствена заштита на животните и микрочип) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација; дехелминтизација; вакцинација; обележување со ушна маркица или микрочип) за секое животно е на товар на буџетот на Општина Битола.

ЈП Комуналец – Битола, води евиденција во електронска форма за сите кучиња кои се третирани во прифатилиштето, и води регистар на пријави кои се доставени во правилна форма од страна на граѓаните.

### 11. Стерилизација и кастрација (овариохистеректомија и орхиектомија)

Стерилизација/кастрација е најефикасната мерка која спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популацијата. Исто така, воспоставува контрола врз репродукцијата кучињата со сопственици доколку се стимулира стерилизацијата кај сопственичките кучиња. Стерилизацијата на женските и кастрацијата на машките заловени несопственички животни се врши по детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се подложуваат на кастрација или стерилизација.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во постоперативниот дел каде што престојуваат до зараснување на

оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските боксови во прифатилиштето, се врши редовно хранење и се под постојан ветеринарен надзор. Боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а на 6 месеци се врши задолжителна соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиштето.

Животните обележани со ушна маркица кои не се вдомиле и за кои нема интерес да бидат вдомени најкасно за 30 дена од заловувањето се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

**12. Посвојување и вдомување**

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, и стерилизирани/кастрирани и да имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни ЈП Комуналец ќе соработува со здруженијата за заштита на животни, активистите како и заинтересираните граѓани, и ќе ангажира лице кое ќе дејствува во оваа насока.

Сите животни кои поминуваат хуман третман во прифатилиштето се фотографираат и се објавуваат на интернет страницата на ЈП Комуналец или сопствени профили на социјални мрежи, сè со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување на кучињата од прифатилиштето.

ЈП Комуналец ќе се посвети да воспостави контакт со странски здруженија и организации за бездомни кучиња, со цел да овозможи намалување на бројот на вратени бездомни животни назад на улица, преку нивно вдомување во и надвор од државата.

За секое вдомено куче ќе се изготвува договор за вдомување од кој произлегуваат правата и обврските на одгледувачот кон вдомениот миленик.

**13. Евтаназија**

Евтаназија може да се спроведе само и исклучиво како хумана евтаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда, кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка. Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма евтаназијата ќе се примени само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случаи кога станува збор за агресивно животно кое на тестот за социјализација е прогласено за опасно куче и во рок од 30 дена никој не пројавил интерес за негово вдомување, или куче заловено по пријава за каснување кое без причина нападнало човек и му нанело телесни повреди за кое во законски предвидениот рок исто така нема да се пријави вдомувач.

Одлуката за извршување евтаназија може да ја донесе само доктор по ветеринарна медицина со асистенција од ветеринарен техничар во согласност со горенаведеното со детално образложена аргументација на ваквиот чекор, во писмена форма.

Евтаназијата на кучињата се врши во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл. Весник бр. 149/14, 149/15, 53/16) и на начин и критериуми пропишани во Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник бр. 44 од 23.02.2021 година).

**14. Вклучување на граѓаните во Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни**

ЈП Комуналец ќе развие процедура за соработка со лицата кои се грижат за бездомните кучиња на улица, ќе стимулира соработка и насочување на активностите на граѓаните за пријава на бездомните животни, нивна ревакцинација, пријава на опасни кучиња, појава на прилив на кучиња, следење на статусот на животните и др.

Со својот волонтерски ангажман и пружени информации овиле лица помагаат во

спроведувањето на програмата и поквалитетно вршење на работите од страна на ЈП комуналец на територијата на градот.

**15. Финансирање**

Според оваа програма, средствата за работа на претпријатието се обезбедуваат од:

- Буџетот на Општина Битола;
- Приходи кои ги остварува претпријатието;
- Донации;
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон, одлуки на Советот на Општина Битола и други акти на основачот.

Планираното буџетирање за 2025 година е околу 10 000 000 денари за хуман третман на кучиња за околу 700 до 750 единки на годишно ниво, дополнително на овој трошок општината ќе оддели средства за функционирање на прифатилиштето.

**16. Волонтирање**

Прифатилиштето ќе биде отворено за волонтери кои може да помагаат повремено со различни активности според потребата и планот за работа.

Активностите кои волонтерите ќе можат да ги изведуваат се напојување и хранење на животните, бањање, стрижење и чешлање на животните, социјализација и шетање, фотографирање на животните за вдомување, учество во тимовите за заловување и нивна асистенција, учество во активности за зголемување на јавната свест, помош во административното работење, евалуација и вклученост на процесот на вдомување на кучињата.

Во зависност од можноста и стручноста на волонтерите, ќе им биде обезбедена едукација за нивно правилно работење во рамките на прифатилиштето, како и делегирање на права и обврски при вршење на нивната волонтерска работа.

Волонтери може да бидат поединци, членови на здруженија за заштита на животните, членови на различни граѓански асоцијации, студенти и ученици по одобрение или присуство на родител. При апликација волонтерите ќе треба да пополнат документ за волонтерство, по што ќе добијат картичка за идентификација.

Во едукативниот процес кон јавноста активистите, здруженијата и волонтерите ќе пробаме да воспоставиме соработка и со Средното земјоделско училиште, Факултетот за ветеринарна медицина Битола и локални експерти.

**17. Вдомување на бездомни кучиња**

Според програмата за работа на ЈП Комуналец по стерилизација/кастрација на животното, тоа останува во прифатилиште уште 3 до 10 дена или максимум 30 дена, во кој период активно ќе му се бара дом.

ЈП Комуналец задолжително ќе соработува заедно со други релевантни институции, здруженијата за заштита на животните, активистите и граѓаните, што ќе ја олесни процедурата да се најде дом за кучињата кои го поминале третманот „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“. Преку вдомувањето ќе се подобри перцепцијата на јавноста за бездомните животни и за претпријатието.

ЈП Комуналец ќе овозможи секое куче да има еднаква шанса за вдомување, и ќе ги исцрпи сите можности за пронаоѓање на дом за кучето пред истото да се врати на локација. Граѓаните ќе може да видат фотографии од животните кои ќе бидат објавени за вдомување, како и да се информираат за сите активности и работењето на прифатилиштето преку веб страна, воедно ќе бидат објавувани и фотографии од животните за вдомување на социјалните медиуми како Фејсбук, Инстаграм и др.

Секој граѓанин кој ќе сака да вдоми куче најпрво ќе мора да пополни прашалник за вдомување, со внесување на своите лични податоци, потоа ќе се изврши разговор со одговорно лице вработено или ангажирано во прифатилиштето за да се процени дали вдомувачот е соодветен и би бил одговорен сопственик.

По разговорот и пополнетиот прашалник, доколку вдомувачот е соодветен, ќе оствари контакт односно ќе го посети во прифатилиштето и ќе помине време со животното кое сака да го вдоми минимум два пати пред да му биде дадено за вдомување. Доколку вдомувачот е подобен, истиот ќе потпише договор за вдомување со кој се уредува преносот на сопственоста, односно заведување на микрочипот во Информативниот систем на

Агенцијата за храна и ветеринартво, на име на вдомувачот. ЈП комуналцец води внатрешна електронска евиденција за третираните кучиња за секој чекор од заловувањето до враќањето на локација, евиденција за пријавите од граѓани и евиденција за тертираните животни по ставките од тендерот за секое ветеринарно друштво кое е под договор посебно, врз основа на што ќе се врши исплата за добиената услуга за ветеринарно медицинскиот третман кон ветеринарните друштва.

Во прифатилиштето специјален дел (дог парк) е наменет за оваа практика каде потенцијалните вдомувачи и кучињата ќе можат да воспоставаат интеракции. Просторот е опремен со реквизити за игра и дружење со кучињата.

Назначени вработени од прифатилиштето и определени ангажирани лица имаат обврска да го посетат или преку видео врска да го контактираат вдомувачот со цел да се утврди дали го чува животното соодветно, според договорот и во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните.

Секое вдомено куче и неговата среќна приказна ќе се објавува на веб страницата на ЈП Комуналец и/или профили на прифатилиштето на социјалните мрежи, а со цел поттикнување на граѓаните да вдомуваат од прифатилиштето, со што би се намалил бројот на бездомни животни на улица.

Во прифатилиштето ќе се води евиденција за лица кои извршиле вдомување на бездомни животни.

**18. Центар за повици од граѓаните**

Ќе претставува оперативен центар за граѓаните кои ќе пријавуваат изгубени животни, или пак ќе може да се пријават доколку се нападнати од бездомни животни . При секој поединечен повик или посета на прифатилиштето за да се пријави изгубено животно, или да се вдоми бездомно куче вработените во канцеларијата ќе пополнат формулар и ќе соберат што е можно подетални информации. Пополнетите формулари треба да бидат заведени во регистарот. Овој регистар ќе се проверува секогаш кога ќе се донесе бездомно куче во прифатилиштето и веднаш ќе се извести сопственикот во случај на соодветна идентификација.

Вработените во прифатилиштето ќе го информираат сопственикот за постапката која ќе се спроведе за да му се врати кучето (дадени подетално во посебен СОП) и ќе ги наведе на оригиналниот приемен картон името, адресата и телефонскиот број на потенцијалниот сопственик заедно со датумот кога е направена комуникацијата/пријавата. Одговорното лице за прием на повици ќе ги едуцира граѓаните кога пријавуваат изгубени кучиња или бездомни кучиња за одговорноста која граѓаните ја имаат за одговорно сопственииштво, вклучително и опасностите од оставањето на животните надвор без надзор. Со оваа активност ќе се обрне внимание на важноста од идентификацијата на бездомните животни, познавањето на нивните навики, нивното место на движење итн.

**19. Едукација и информирање**

Една од активностите предвидени во оваа Програма е едукација и информирање на јавноста. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (училиштата, установи, организации, медиуми...), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственииштво, важноста од стерилизација/кастрација, вакцинација, идентификација и регистрација за контрола на популацијата на бездомни кучиња;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат/кастрираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- Да се поттикнат и да се промовираат најдобрите практики за решавање на проблемот вклучително и примери од други земји;

• Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;

• Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;

• Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;

• Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;

• Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

• Да се едуцираат луѓето кои работат со животни.

Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/0202 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба” Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот план и Програма за работа на КЈП „Нискоградба” Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот план и Програма за работа на КЈП „Нискоградба” Битола за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот план и Програма за работа на КЈП „Нискоградба” Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со *објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/0202 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Планот за работа (Програма за работа и развој) ЈКП„Водовод” Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Планот за работа (Програма за работа и развој) ЈКП„Водовод” Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Планот за работа (Програма за работа и развој) ЈКП„Водовод” Битола за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Планот за работа (Програма за работа и развој) ЈКП„Водовод” Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со *објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување на Планот за работа на ЈП „Пазари” Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Планот за работа на ЈП „Пазари” Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), член 22 став 1, точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување на Планот за работа на ЈП „Пазари” Битола за 2025 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Планот за работа на ЈП „Пазари” Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/0202 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈПСИЗ „Жабени” Битола за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈПСИЗ „Жабени” Битола за 2025 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 08-1340/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21),

Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Програмата за работа на ЈПСИЗ „Жабени” Битола за 2025 година

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на ЈПСИЗ „Жабени” Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со *објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/0202 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
